**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4580 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - (МРТ1), емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МРТ1, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 17 и во 19 часот и 30 минути, согласно определбата на Јавниот сервис од Правилата за медиумско покривање на Локалните избори 2017 – МРТ1 да известува за кампањата во овие дневно-информативни изданија.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози изнесува 9 часа 3 минути и 55 секунди, обично жанровски обработени како изјави, извештаи, вести, соопштенија.

Според податоците за распоредот на времето во вторите 9 дена од изборната кампања, дадени во Табела 1, МРТ1 во основа се придржуваше до законските обврски за распределба на информативното време за учесниците во изборната кампања во дневно-информативните емисии според принципот 30%+30%+30%+10%. За активностите од кампањите на политичките партии на власт одвои 30,92%, за активностите од кампањите на политичките партии во опозиција одвои 30,18%, дневните настани од земјата и светот добија 35,31% од вестите, а активностите од кампањите на политичките партии кои не се во Собранието - 3,59%. Времето во кое се известуваше за митинзите, средбите, трибините, изјавите на претставниците на парламентарните партии од власта и од опозицијата е речиси рамномерно. Времето за прилозите за вонпарламентарните партии е покусо од предвиденото при што има извештаи за Левица, ПДП, ТМРО и за независните кандидати Кирчо Ташков (за градоначалник на Битола) и Енвер Пајазити (за Брвеница), што веројатно се должи на интензитетот на активности од кампањата на оваа категорија субјекти.

Следствено на ова, повеќе време има за дневните настани од земјата – кои се однесуваат на активностите на власта дома и во странство, состојбата во здравството, настани од сферата на културата, одбележувањето на 11 Октомври итн., како и за новостите од светот.

Во однос на распоредот на времето за учесниците во изборната кампања во поединечните делови од вестите, како што може да се види од Табела 1, најмногу време има за коалициите – едната предводена од СДСМ, а другата од ВМРО ДПМНЕ кои имаа најмногу потврдени листи со кандидати за градоначалници и за советници, како и кампањи со најголем интензитет. Следни по времето се Беса и ДУИ, потоа Алијанса на Албанците и ДПА, па Коалицијата Алијанса за Албанците и ГРОМ.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| МРТ 1<br>Тема | Траење | Процент |
|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:39:52 | 59,37 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:46:54 | 27,88 % |
| Алијанса на Албанците | 00:19:18 | 11,47 % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:02:08 | 1,27 % |
| Вкупно за тема: | 02:48:12 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:45:21 | 64,18 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:05:45 | 3,50 % |
| Беса | 00:35:43 | 21,76 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:17:20 | 10,56 % |
| Вкупно за тема: | 02:44:09 | 100 % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | |
| Влада на РМ | 00:24:03 | 12,52 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:06 | 8,38 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:15:23 | 8,01 % |
| ДИК и други органи | 00:07:33 | 3,93 % |
| Специјално обвинителство | 00:05:06 | 2,66 % |
| Вести од светот | 00:52:24 | 27,28 % |
| Други субјекти | 00:35:24 | 18,43 % |
| Претседател на РМ | 00:06:01 | 3,13 % |
| Собрание на РМ | 00:01:29 | 0,77 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:15 | 1,69 % |
| Судство | 00:03:10 | 1,65 % |
| Граѓански сектор | 00:13:40 | 7,12 % |
| Без субјекти | 00:01:09 | 0,60 % |
| АРМ | 00:05:16 | 2,74 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:45 | 0,39 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:20 | 0,17 % |
| Беса | 00:00:20 | 0,17 % |
| Левица | 00:00:20 | 0,17 % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:20 | 0,17 % |
| Вкупно за тема: | 03:12:04 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Левица | 00:13:23 | 68,63 | % |
| Независни кандидати | 00:02:54 | 14,87 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:34 | 8,03 | % |
| ТМРО | 00:01:39 | 8,46 | % |
| | Вкупно за тема: 00:19:30 | 100 | % |

**Вкупно: 09:03:55**

Информирањето за учесниците во кампањата, од квалитативен аспект, беше еднакво, што се гледа и во распределбата на времето за директните обраќања (Табела 2).

*Табела 2 – Структура за директни обраќања*

| МРТ 1<br>Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:09:16 | 3,78 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:05 | 2,89 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:19 | 2,99 | % |
| Други субјекти | 00:15:23 | 6,28 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:25:30 | 10,40 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:13:35 | 5,54 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:51:37 | 21,06 | % |
| Беса | 00:17:38 | 7,19 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:12:59 | 5,30 | % |
| Левица | 00:10:30 | 4,28 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:03 | 1,24 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:47:26 | 19,35 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:32 | 0,63 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:41 | 2,32 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:12 | 1,71 | % |
| АРМ | 00:01:02 | 0,42 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:04:40 | 1,90 | % |
| ТМРО | 00:01:18 | 0,53 | % |
| Независни кандидати | 00:02:12 | 0,90 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:11 | 0,07 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:16 | 0,52 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:01:40 | 0,68 | % |
| | **Вкупно: 04:05:05** | 100 | % |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Во вториот извештај, со кој е опфатен периодот од 5 до 13 октомври 2017 година, Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје - МРТ1, реализираше осум дебатни емисии на тема „Локални избори 2017". Во емисиите беа поканети сите потврдени учесници во изборниот процес за градоначалници на различни општини во Република Македонија, но дел од нив не прифатија да се соочат со своите противкандидати. Согласно Правилата за медиумско покривање на „Локалните избори 2017", МРТ1 ги реализираше дебатните емисии така што ги направи достапни за лица со оштетен слух и во текот на дебатата обезбеди услови за еднакво претставување на кандидатите.

- На 5 октомври во 13 часот и 18 минути се репризираше дебатата која премиерно се емитуваше на 4 октомври. Во неа се претставија кандидатите за градоначалници на Битола: Наташа Петровска од Коалицијата предводена од СДСМ и двајца независни кандидати, Јорго Огненовски и Ќирчо Ташков. Водителот објасни дека кандидатот Зоран Илиоски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, не ја прифатил поканата за учество со образложение дека не е во можност да присуствува.
- Истиот ден, на 5 октомври во 17 часот и 48 минути, премиерно се емитуваше дебатата со кандидатите за градоначалници на Гостивар. Во студиото беа Дафина Стојаноска од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ, Асаф Адеми од Движењето БЕСА и Арбен Таравари од Алијанса за Албанците. Поканата не ја прифатија кандидатите од ДУИ, ДПА, Коалицијата Алијанса на Албанците и од Социјалдемократската партија на Македонија. Емисијата беше репризирана на 6 октомври, нешто пред 14 часот.
- На 6 октомври, во емисијата која започна во 17 часот и 48 минути, планираната дебата не се реализираше бидејќи не се појави ниту еден од повиканите гости, кандидати за градоначалници на Струмица Коста Јаневски од Коалицијата на СДСМ и Марјан Бајрактаров од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ.
- На 8 октомври, со почеток во 20 часот и 19 минути, со своите програми се претставија двајцата кандидати во изборната трка за градоначалници за Општина Ѓорче Петров, Владо Мисајловски од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и Александар Наумовски од Коалицијата на СДСМ. Емисијата беше репризирана на 9 октомври во попладневните часови.
- На 9 октомври имаше уште една неуспешна дебатна емисија, бидејќи ниту еден од поканетите кандидати за градоначалници на Општина Аеродром не го прифатија соочувањето. Поканети беа Ивица Коневски од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и Златко Марин од Коалицијата на СДСМ, но од нивните изборни штабови МРТ добила известување дека нема да присуствуваат на дебатата без конкретно образложение за нивното отсуство.
- На 10 октомври во 20 часот и 23 минути, имаше дебатна емисија со претставување на кандидатите на скопската Општина Кисела Вода. Поканата ја прифатил Филип Темелковски кандидат на Коалицијата предводена од СДСМ, додека Јохан Тарчуловски, кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, не одговорил на поканата да учествува во дебатата организирана во студиото на МРТ. Репризното издание на оваа емисија се емитуваше на 11 октомври по 13 часот.

- На 11 октомври, во дебатната емисија на тема „Локални избори 2017", се претстави еден од двајцата кандидати за Општина Карпош, Стефан Богоев од Коалицијата предводена од СДСМ. Вториот кандидат, Стевче Јакимовски од ГРОМ подржан од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ, иако поканет не се појавил во студиото. Емисијата беше репризирана следниот ден, на 12 октомври со почеток во 13 часот и 58 минути.
- На 12 октомври, во студиото на МРТ1 се претставија кандидатите за градоначалници на Општина Центар: Дејан Јовановски од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ, Саша Богдановиќ од Коалицијата на СДСМ и Александар Митров од Левица. Емисијата имаше реприза на 13 октомври.
- На 13 октомври, емисијата беше резервирана за 8-те кандидати за градоначалници на град Скопје. Поканата ја прифатија пет од нив и тоа: Петре Шилегов од Коалицијата на СДСМ, Марија Џонс од Левица, Агим Бајрами од Алијанса за Албанците, Ѓорѓи Тодоров од Народно движење на Македонија и Ванчо Шехтански од ТМРО. Од ВМРО ДПМНЕ известиле дека нивниот кандидат Коце Трајановски нема да учествува во дебатата поради презафатеност со активности за централниот митинг во Скопје, додека од Движењето Беса и од ДПА до почетокот на емисијата не дале никакво образложение за неприсуството на нивните кандидати.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4581 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) Програма на албански јазик;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Програмата на албански јазик на Вториот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје (МРТ2), емитувана од 5 до 13 октомври 2017 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МРТ2, а од дневно-информативните емисии анализирани се Дневниците на албански јазик во 18:30 часот и во 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози изнесува 9 часа 1 минута и 19 секунди при што, по жанр, најчесто се извештаи, а потоа изјави, вести, соопштенија.

Статистиката покажува дека, МРТ2 - Програмата на албански јазик во последните девет дена од кампањата се придржуваше до законските обврски за структурата на дневно-информативните емисии, односно за распределбата на информативното време за учесниците во изборната кампања според принципот 30%+30%+30%+10%. Активностите од кампањите на политичките партии на власт претставуваат 31,19% од вестите, активностите од кампањите на политичките партии во опозиција - 30,92%, дневните настани од земјата и светот - 33,90%, додека за активностите од кампањите на политичките партии кои не се во Собранието има 4%. Како што се гледа од Табела 1, во последнава категорија има извештаи за Левица, за ПДП и за независниот кандидат за градоначалник на Општина Брвеница Енвер Пајазити. Распоредот на времето за коалициите и партиите по темите кореспондира со ставот на Програмата на МРТ2 на албански јазик да го распределува времето инверзно во однос на МРТ1 односно, тргнувајќи од претпоставениот интерес на својата целна публика, да им дава предност на партиите на Албанците од Македонија.

Што се однесува до времето за настаните од земјата и светот – тука влегуваат извештаите за надворешната и внатрешната политика на извршната власт, за судството, одбележувањето на 11 Октомври, други важни настани и теми за граѓаните и актуелности од светот.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| МРТ 2 - албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:15:37 | 44,79 % |
| Алијанса на Албанците | 00:36:53 | 21,85 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:55:05 | 32,63 % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:01:15 | 0,74 % |
| Вкупно за тема: | 02:48:50 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:54:42 | 32,69 % |
| Беса | 01:03:45 | 38,09 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:47:33 | 28,41 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:21 | 0,81 % |
| Вкупно за тема: | 02:47:21 | 100 % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | |
| Јавно обвинителство | 00:03:11 | 1,73 % |
| Влада на РМ | 00:28:54 | 15,75 % |
| Други субјекти | 00:35:55 | 19,57 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:24 | 6,21 % |
| Граѓански сектор | 00:14:52 | 8,10 % |
| Без субјекти | 00:00:16 | 0,15 % |
| Вести од светот | 00:32:39 | 17,79 % |
| Специјално обвинителство | 00:12:32 | 6,83 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:29 | 1,90 % |
| Судство | 00:10:06 | 5,50 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:15:09 | 8,26 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:54 | 0,49 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:54 | 0,49 % |
| Претседател на РМ | 00:03:04 | 1,67 % |
| ДИК и други органи | 00:10:10 | 5,54 % |
| Вкупно за тема: | 03:03:29 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | |
| Левица | 00:12:52 | 59,43 % |
| Независни кандидати | 00:04:19 | 19,94 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:04:28 | 20,63 % |
| Вкупно за тема: | 00:21:39 | 100 % |
| **Вкупно:** | **09:01:19** | |

Сервисот, квалитативно, имаше еднаков однос кон различните партии и коалиции, што е отсликано и во распределбата на времето за директни обраќања (Табела 2), каде исто така се следи принципот на инверзна застапеност на политичките субјекти.

*Табела 2 – Структура за директни обраќања*

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:07:54 | 3,60 | % |
| Други субјекти | 00:09:53 | 4,50 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:07 | 2,79 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:34:54 | 15,91 | % |
| Беса | 00:30:51 | 14,06 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:28:03 | 12,78 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:18:42 | 8,52 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:26:20 | 12,00 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:28:46 | 13,11 | % |
| Левица | 00:08:04 | 3,68 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:55 | 2,24 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:02 | 0,47 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:34 | 1,63 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:30 | 0,68 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:44 | 0,33 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:00 | 0,91 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:08 | 0,97 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:52 | 0,40 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:59 | 0,45 | % |
| Независни кандидати | 00:02:06 | 0,96 | % |
| | **Вкупно: 03:39:24** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

До крајот на кампањата, Вториот програмски сервис на Македонската радиотелевизија – МРТ 2 Програма на албански јазик емитуваше повеќе дебатни емисии со учесници во кампањата.

- На 5 октомври се емитуваше дебатната емисија *„Локални избори 2017“* во која гостуваа кандидатите за градоначалници за Општина Желино. Во студиото присуствуваа Фатмир Изаири – ДУИ, Блерим Сејдиу – Беса, Решат Алиу – Алијанса на Албанците и Сали Ајдини – ДПА. Реприза се емитуваше на 6 октомври. На 5 октомври имаше реприза и на дебатата на градоначалничките кандидати за Општина Студеничани, чија премиера беше емитувана во првиот извештаен период.
- На 6 октомври се емитуваше дебатната емисија *„Локални избори 2017“* во која гостуваа кандидатите за градоначалници за Општина Сарај. Во студиото присуствуваа Сефедин Алиу – ДПА, Екрем Алија – Алијанса на Албанците, Башким Бакиу – Беса и Блерим Беџети – ДУИ. Реприза се емитуваше на 7 октомври.

- На 7 октомври имаше и реприза на емисијата „*Аргумент*", премиерно емитувана на 3 октомври со: Валдет Џафери – ДУИ, Емад Мемеди – Беса, Абдулкадер Исаку – Коалиција Алијанса за Албанците, Елмир Сејфулахи – Алијанса на Албанците и Газменд Алији – ДПА.
- На 9 октомври во дебатната емисија „*Локални избори 2017*" гостуваа кандидатите за градоначалници за Општина Арачиново: Исуф Бислими – ДУИ, Исен Рамадани – Алијанса на Албанците, Али Исмаили – Беса. Како што забележува водителот на емисијата, била повикана и кандидатката на СДСМ, која првенствено прифатила да учествува, а потоа изјавила дека нема да учествува на дебатата, туку само дека е подготвена да одговори на прашањата наменети за неа. Реприза се емитуваше на 10 октомври.
- На 10 октомври се емитуваше дебатна емисија „*Локални избори 2017*" во која гостуваа кандидатите за градоначалници за Општина Гостивар: Сабејдин Изаири – ДПА, Шпат Исеини – Коалиција Алијанса на Албанците, Арбен Таравари – Алијанса на Албанците и Невзат Бејта – ДУИ. Реприза се емитуваше на 11 октомври.
- На 11 октомври во „*Локални избори 2017*" дебатираа кандидатите за градоначалници за Општина Чаир: Зеќирија Ибрахими – Беса, Висар Ганиу – ДУИ и Идриз Орана – ДПА. Како што забележува водителот на емисијата, бил поканет и кандидатот на Алијансата на Албанците, но во последен момент ги информирал дека поради објективни причини нема да присуствува. Реприза се емитуваше на 12 октомври.
- На 12 октомври имаше дебатна емисија „*Локални избори 2017*" во која гостуваа кандидатите за градоначалници за Општина Тетово. Во студиото присуствуваа Биљал Касами – Беса, Бардил Даути – ДПА, Теута Арифи – ДУИ и Аднан Незири – Алијанса на Албанците. Реприза се емитуваше на 13 октомври.
- На 13 октомври во емисија „*Аргумент*", учествуваа политичките аналитичари - Алберт Муслиу, Шпетим Љатифи и Џелал Незири и универзитетската професорка Беса Арифи. Зборуваа за тоа каква кампања имавме, дали се остварливи ветувањата на партиските кандидати итн.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4582 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонско радио - Трет програмски сервис (МР3-Програма на албански јазик);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Програмата на албански јазик на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Трет програмски сервис, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МР3, а од дневно-информативните емисии анализирани се само вестите емитувани на албански јазик, Дневникот од 16:00 часот и Дневник 2 од 21:00 часот. Исклучок е 13 октомври кога во анализата се земени и прилозите емитувани во вестите од 23:00 часот, кога се емитувани извештаи од изборните активностите на политичките субјекти (најавени во вестите од 21:00 часот), што не беше случај во изминатите денови од изборната кампања.

*Дневно-информативни емисии*

Во деветдневниот период од 5 до 13 октомври 2017 година, вкупниот обем на анализирани прилози во двете изданија на дневно-информативните емисии, надополнето со прилозите од вестите на 13 октомври емитувани во 23:00 часот, изнесува 6 часа 5 минути и 21 секунда. Во презентирањето на информациите се застапени информативните жанрови, вест, вест во низа и извештај.

Изборниот законик во член 76-а утврдува конкретни правила за распоредот на времето во дневно - информативните програми на Јавниот радиодифузен сервис за време на изборната кампања според кои структурата на вестите треба да биде – 30%+30%+30%+10%, што подразбира 30% од времето на вестите да бидат одвоени за информации поврзани со дневните настани од земјата и светот, по 30% од времето на вестите да бидат одвоени за изборните активности на политичките партии на власт и парламентарните опозициски партии и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се дел од Собранието на РМ. Во вкупното време на вестите од кои се пресметува структурата 30%+30%+30%+10%, не влегуваат спортските вести, временската прогноза, генералната најава на вестите и шпиците емитувани во рамки на вестите.

Процентуално погледнато и во вториот деветдневен извештаен период од изборната кампања, како и во првиот десетдневен извештај од кампањата, повторно има отстапување од пропишаниот образец. Со незначителни корекции, процентуалната застапеност на четирите теми во вестите е речиси идентична со онаа од првиот извештаен период од изборната кампања (од 25 септември до 4 октомври).

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| Македонско радио – Програма на албански јазик<br>Тема | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:24:41 | 31,84 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:06:54 | 8,90 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:29:16 | 37,76 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:16:40 | 21,50 | % |
| Вкупно за тема: | 01:17:31 | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:25:09 | 38,49 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:19:57 | 30,54 | % |
| Беса | 00:20:14 | 30,97 | % |
| Вкупно за тема: | 01:05:20 | 100 | % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| Други субјекти | 00:53:50 | 24,37 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:03 | 1,38 | % |
| Влада на РМ | 00:34:41 | 15,70 | % |
| Судство | 00:10:42 | 4,84 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:47 | 5,79 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:07 | 1,41 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:18 | 3,76 | % |
| Вести од светот | 01:09:18 | 31,37 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:59 | 0,90 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:25 | 3,36 | % |
| ДИК и други органи | 00:13:07 | 5,94 | % |
| Без субјекти | 00:01:00 | 0,45 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:36 | 0,72 | % |
| Вкупно за тема: | 03:40:53 | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:37 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:01:37 | 100 | % |
| **Вкупно:** | **06:05:21** | | |

Имено, за делот од вестите посветен на „дневните настани од земјата и светот“ се одвоени 60.46% од вкупното време, што е двојно повеќе од предвиденото според Изборниот законик, 30 %. Ова во голема мера се должи и на практиката на медиумот во изданието вести од 21:00 часот да се емитуваат само информации коишто се дел од темата „дневни настани од земјата и светот“, а не и информации поврзани со активностите

на политичките субјекти. Големата процентуална застапеност на оваа тема секако одзема дел од времето што Изборниот законик го пропишува за активности на учесниците во изборната кампања. Наместо по 30%, прилозите за „активностите за кампањите на политичките партии на власт" зафаќаат 21.22% (1 час 17 минути 31 секунда), а за „активностите за кампањите на политичките партии во опозицијата" – 17.88% (1 час 5 минути 20 секунди). Сепак, времето за прилозите во кои новинарски се третираат активностите на претставниците на парламентарните партии од власта и од опозицијата, според претходно посочените времиња, може да се рече е приближно еднакво.

Исто така, водено е сметка и за дистрибуцијата на времето меѓу учесниците во изборниот процес, внатре во сегментите од вестите посветени на власта и на опозицијата - како за барањата од Изборниот законик според кои распределбата на времето за информирање за активностите во кампањата на политичките партии треба да биде распределено во согласност со принципот на еднаквост за кандидатите за градоначалници и на пропорционалност според бројот на потврдени листи за членови на советите на општините и на Град Скопје, така и за интерните правила на Јавниот радиодифузен сервис според кои дистрибуцијата на времето меѓу учесниците во изборниот процес во вестите на овој сервис, ќе биде инверзна на дистрибуцијата на времето во вестите на Првиот радио-програмски сервис на МРТ, имајќи предвид дека сервисот е наменет за задоволување на информативните потреби на етничките заедници што живеат во Р.М.

Помалку време од предвиденото е одвоено и за вонпарламентарните политички партии и независни кандидати – вкупно 1 минута и 37 секунди или процентуално 0,36%, наместо 10% колку што предвидува Законикот. Придонес за тоа има секако и малиот интензитет на нивни предизборни активности, но и на големиот временски простор за „дневните настани од земјата и светот". Емитуван е само еден прилог за активностите на Партијата за демократски просперитет.

Времето за „дневните настани од земјата и од светот" е посветено на сите други прилози кои се дел од вестите, со исклучок на спортските вести и временската прогноза, а кои говорат за актуелните општествено-политички, економски и културни случувања во земјата (редовни активности на Владата, судството преку информациите за актуелните судски процеси „Монструм", Сопот", „Дива населба", случувањата од 27 април во Собранието и др., активностите на ДИК поврзани со изборниот процес, пораките на меѓународната заедница за изборите и др.), како и за вестите кои се однесуваат на светските случувања.

*Табела 2 – Структура на директни обраќања*

| Македонско радио – Програма на албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:02:17 | 2,80 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:16:41 | 20,48 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:11:00 | 13,51 | % |
| Беса | 00:10:44 | 13,18 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:08:42 | 10,68 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:06 | 6,26 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:04 | 3,77 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:08:58 | 11,01 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:30 | 1,84 | % |
| Други субјекти | 00:10:05 | 12,38 | % |
| Влада на РМ | 00:02:18 | 2,82 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:02 | 1,27 | % |
| | **Вкупно: 01:21:27** | 100 | % |

Отстапениот простор за директни обраќања на политичките субјекти и во овој втор извештаен период од изборната кампања го следи редоследот на субјектите како и во првите 10 дена од кампањата. Првозастапен субјект е ДУИ со одвоен простор од 16 минути и 41 секунда, а како и претходно следуваат: ДПА (11 минути), Беса (10 минути и 44 секунди), Коалицијата предводена од СДСМ (8 минути и 42 секунди, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (5 минути и 6 секунди) итн . (Табела 2)

*Посебни информативни емисии*

*Интервјуа*

На 13 октомври, во рамки на емисијата „Отворен микрофон", беше емитуван разговор со портпаролката на ДИК, Аријета Џемаили, околу подготвеноста на ДИК за спроведување на изборите.

*Дебати*

На 6 октомври, во емисијата „Отворен микрофон", тонски е пренесена дебатата емитувана на програмата на Македонската телевизија – Програма на албански јазик во емисијата „Аргумент", прмиерно емитувана на 3 октомври, во којашто гостуваат Валдет Џафери од ДУИ, Емад Мемеди од Беса, Абдулкадер Исаку од Коалицијата Алијанса за Албанците, Елмир Сејфулахи од Алијанса на Албанците и Газменд Алији од ДПА. Истиот ден, вечерта, дебатата е репризирана.

На 6 октомври од Програмата на албански јазик при Македонската телевизија, репризирана е уште една дебатна емисија, емитувана премиерно на МРТ 2 на 5 октомври. Станува збор за емисијата „Локални избори 2017" во којашто гости беа кандидатите за градоначалник на општина Желино: Фатмир Изаири од ДУИ, Блерим Сејдиу од Беса, Решат Алиу од Алијанса за Албанците и Сали Ајдини од ДПА. И оваа дебата е репризирана во вечерните часови на Програмата на албански јазик при Македонското радио.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4583 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонско радио - Прв програмски сервис (МР1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Првиот радио програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонско радио (МР 1), емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МР 1, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 15:30 часот (Пладневен радиовесник) и вестите во 22:00 часот (Радио 22).

*Дневно-информативни емисии*

Во вториот деветдневен извештаен период од изборната кампања, вкупното времетраење на анализираните прилози е 7 часа 41 минута и 34 секунди, а медиумот информациите ги пренесува користејќи ги информативните новинарски жанрови (вест, вест во низа, извештај) соопштенија.

Изборниот законик во член 76-а утврдува конкретни правила за распоредот на времето во дневно - информативните програми на Јавниот радиодифузен сервис за време на изборната кампања според кои структурата на вестите треба да биде – 30%+30%+30%+10%, што подразбира 30% од времето на вестите да бидат одвоени за информации поврзани со дневните настани од земјата и светот, по 30% од времето на вестите да бидат одвоени за изборните активности на политичките партии на власт и парламентарните опозициски партии и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се дел од Собранието на РМ. Во вкупното време на вестите од кои се пресметува структурата 30%+30%+30%+10%, не влегуваат спортските вести, временската прогноза, генералната најава на вестите и шпиците емитувани во рамки на вестите.

Процентуално погледнато и во вториот извештаен период од изборната кампања, како и во првиот десетдневен извештај од кампањата, повторно има отстапување од пропишаниот образец. Со мали корекции, процентуалната застапеност на четирите теми во вестите е речиси пресликана од првиот извештаен период од изборната кампања (од 25 септември до 4 октомври).

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| Македонско радио – Прва програма<br>Тема | Траење | Процент |
|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:39:35 | 80,65 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:14 | 12,34 % |
| Алијанса на Албанците | 00:08:40 | 7,02 % |
| Вкупно за тема: | 02:03:29 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| Беса | 00:10:23 | 8,59 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:09:29 | 7,84 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:04:09 | 3,43 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:36:53 | 80,14 % |
| Вкупно за тема: | 02:00:54 | 100 % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | |
| Влада на РМ | 00:46:25 | 22,29 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:41 | 1,77 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:17 | 1,58 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:13 | 5,87 % |
| Претседател на РМ | 00:05:13 | 2,51 % |
| Судство | 00:02:17 | 1,10 % |
| Други субјекти | 00:46:28 | 22,32 % |
| Вести од светот | 00:24:35 | 11,81 % |
| ДИК и други органи | 00:18:19 | 8,80 % |
| Граѓански сектор | 00:19:19 | 9,28 % |
| Без субјекти | 00:01:43 | 0,82 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:46 | 6,61 % |
| Демократски сојуз | 00:01:03 | 0,50 % |
| АРМ | 00:02:24 | 1,15 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:36 | 1,25 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:32 | 0,74 % |
| Собрание на РМ | 00:02:42 | 1,30 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:39 | 0,31 % |
| Вкупно за тема: | 03:28:12 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | |
| Левица | 00:05:32 | 61,60 % |
| Независни кандидати | 00:01:32 | 17,07 % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:27 | 5,01 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:41 | 7,61 % |
| ТМРО | 00:00:47 | 8,72 % |
| Вкупно за тема: | 00:08:59 | 100 % |

**Вкупно: 07:41:34**

Имено, за делот од вестите посветен на „дневните настани од земјата и светот" се одвоени 45.11% од вкупното време на анализираните прилози, наместо предвидените 30%, што во секој случај одзема дел од времето што Изборниот законик го пропишува за активности на учесниците во изборната кампања. Помалку време од предвиденото е одвоено и за вонпарламентарните политички партии и независни кандидати – вкупно 8 минути и 59 секунди или процентуално 1.95%, наместо 10% колку што предвидува Законикот.

Наместо по 30%, прилозите за „активностите за кампањите на политичките партии на власт" зафаќаат 26.75%, а за „активностите за кампањите на политичките партии во опозицијата" – 26.19%. Сепак, времето за прилозите во кои новинарски се третираат активностите на претставниците на парламентарните партии од власта и од опозицијата е приближно еднакво. Исто така, водено е сметка и за дистрибуцијата на времето меѓу учесниците во изборниот процес, внатре во сегментите од вестите посветени на власта и на опозицијата. Најмногу време во овие сегменти, а меѓусебно речиси идентично е одвоено за активностите на двете коалиции предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ, што е и очекувано имајќи предвид дека имаат и најголем број кандидати за градоначалници и советници.

Времето одвоено за прилозите посветени на активностите на вонпарламентарните партии и независните кандидати во овој извештен период е двојно зголемено во однос на првите десет дена изборна кампања (8 минути и 59 секунди наспроти 4 минути и 10 секунди), но сепак е далеку од предвидените 10% од времето на вестите. Останува и фактот дека вонпарламентарните партии и независните кандидати за градоначалници имаа мал интензитет на кампањи. Во двете изданија на вестите проследени се активностите на кандидатите од Левица, Народно движење на Македонија, ПДП, ТМРО, а од независните кандидати на кандидатот за градоначалник на Битола, Кирчо Ташков и на кандидатот за градоначалник на општина Брвеница, Енвер Пајазити.

Времето за „дневните настани од земјата и од светот" е посветено на сите други прилози кои се дел од вестите, со исклучок на спортските вести и временската прогноза, а кои говорат за актуелните општествено-политички, економски и културни случувања во земјата (редовни активности на Владата, претседателот, судството и другите јавни институции, активностите на ДИК поврзани со изборниот процес и др.), како и за вестите кои се однесуваат на светските случувања.

*Табела 2 – Структура на директни обраќања*

| Македонско радио – Прва програма | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:13:51 | 6,30 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:06 | 1,41 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:08:18 | 31,06 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:12:53 | 33,14 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:15 | 0,57 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:07 | 0,96 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:15 | 4,66 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:53 | 2,68 | % |
| Беса | 00:07:30 | 3,41 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:24 | 2,91 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:01 | 1,37 | % |
| Други субјекти | 00:10:45 | 4,89 | % |
| Левица | 00:03:26 | 1,56 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:37 | 1,64 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:00 | 0,91 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:05 | 0,95 | % |
| АРМ | 00:00:48 | 0,36 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:12 | 0,09 | % |
| ТМРО | 00:00:35 | 0,27 | % |
| Независни кандидати | 00:01:05 | 0,49 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:28 | 0,21 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:21 | 0,16 | % |
| | **Вкупно: 03:39:55** | 100 | % |

Речиси две третини од времето одвоено за директи обраќања, како и во првиот извештаен период од изборната кампања, се однесува на двете коалиции – едната предводена од ВМРО ДПМНЕ (1 час 12 минути и 53 секунди), втората од СДСМ (1 час 8 минути и 18 секунди). Според временската застапеност следуваат Влада на РМ (13 минути и 51 секунда), други субјекти (10 минути и 45 секунди), ДУИ (10 минути и 15 секунди), Беса (7 минути и 30 секунди), ДПА (6 минути и 24 секунди) итн.

*Посебни информативни емисии*

Не се емитувани емисии поврзани со изборниот процес.

Во рамките на информативната емисија „Актуелно“ што се емитува секој работен ден, заклучно со 11 октомври, вклучен е блок за бесплатно политичко претставување на политичките партии, коалиции, независни кандидати, учесници на локалните избори.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:
- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4584 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор:** Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето:** 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се две изданија на Вестите, во 17 часот и 30 минути и во 23 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во периодот од 5 до 13 октомври 2017 година, примерокот за мониторинг на ТВ Алфа го сочинуваа две изданија на дневно-информативните емисии, оттаму анализата на изборното медиумско претставување е спроведена врз вкупно 18 изданија на вестите. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 7 часа 35 минути и 53 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ АЛФА | | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Активности на органите на власт | | |
| Влада на РМ | 00:46:58 | 38.36 % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:07 | 5.00 % |
| Други субјекти | 00:12:24 | 10.13 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:18 | 1.88 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:38:43 | 31.62 % |
| Претседател на РМ | 00:01:04 | 0.87 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:47 | 5.54 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:46 | 0.63 % |
| Судство | 00:03:02 | 2.48 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:22 | 1.12 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:20 | 1.09 % |
| Граѓански сектор | 00:01:06 | 0.90 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:29 | 0.39 % |
| | Вкупно за тема: 02:02:26 | 100 % |
| Активности на ДИК и други органи | | |
| ДИК и други органи | 00:09:37 | 100.00 % |
| | Вкупно за тема: 00:09:37 | 100 % |
| Други теми поврзани со избори | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:13:47 | 8.28 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:07 | 1.27 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:16 | 1.36 % |
| Беса | 00:01:02 | 0.62 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:10 | 1.30 | % |
| Други субјекти | 01:14:52 | 44.98 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:19 | 8.60 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:25:39 | 15.41 | % |
| Без субјекти | 00:09:23 | 5.64 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:40 | 1.60 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:00 | 3.00 | % |
| Влада на РМ | 00:02:35 | 1.55 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:34 | 0.34 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:37 | 2.77 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:08 | 0.68 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:04:17 | 2.57 | % |
| | Вкупно за тема: 02:46:26 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:21:22 | 55.77 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:27 | 2.36 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:54:56 | 37.65 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:27 | 0.31 | % |
| Левица | 00:01:44 | 1.19 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:48 | 2.60 | % |
| Беса | 00:00:10 | 0.11 | % |
| | Вкупно за тема: 02:25:54 | 100 | % |
| Коментари/ставови | | | |
| | 00:06:51 | 100.00 | % |
| | Вкупно за тема: 00:06:51 | 100 | % |

**Вкупно: 07:31:14**

За прилозите во кои преку информативни жанрови медиумот известуваше за активностите од кампањите на учесниците во изборниот процес, во двете изданија на вестите на ТВ Алфа беа одвоени 2 часа 25 минути и 54 секунди. Речиси исто време (2 часа 46 минути и 26 секунди) зафаќаат прилозите на други теми поврзани со избори, а 2 часа, 2 минути и 26 секунди се прилози за активностите на органите на власт (Табела 1). Од времето за кампањите на учесниците во изборите, најмногу е одвоено за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 1 час 21 минута и 22 секунди што и во овој извештаен период е повеќе од половина од вкупното време за сите други учесници во изборната кампања за кои известува. Споредбено со Коалицијата предводена од СДСМ која има приближно еднаков број на кандидати за градоначалници и советници и кампања со сличен интензитет, а за која се одвоени 54 минути и 56 секунди, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ одвоени се 26 минути и 26 секунди повеќе. Треба да се напомене дека во ова време, освен извештаите од митинзите и средбите на кандидатите за градоначалници и советници, влегуваат и партиските реакции од ВМРО ДПМНЕ за актуелните теми за кои медиумот известуваше во вестите. Но, исто така, и дека за Коалицијата предводена од СДСМ беа одвоени 13 минути и 47 секунди во прилозите што се однесуваат на други теми поврзани со изборите, каде за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ се одвоени 2 минути и 7 секунди. Оттаму, во споредба со претходниот извештаен период, за првите десет дена од кампањата, кога кај медиумот беше констатирано прекршување на член 75 став 1 од Изборниот законик, во овој деветдневен период, намалена е разликата во времето што го добиваат двете коалиции со најголем број кандидати за градоначалници и советници во дневно-информативните емисии. Сумирано, квантитативно разликата во времето одвоено за двете коалиции изнесува 15 минути и 37 секунди во полза на ВМРО

ДПМНЕ. Иако, во фокусот на медиумот беа активностите на двете коалиции предводени од СДСМ и од ВМРО ДПМНЕ, во вестите се регистрирани информации и за активностите на ГРОМ, БЕСА, ДУИ, Левица и Народно движење за Македонија.

Во другите теми поврзани со избори, временски најзастапена категорија со 1 час 14 минути и 52 секунди беше „*други субјекти*" присутна преку изјави на - универзитетски професори, директор на управата за водење матични книги, поранешниот министер за правда, Михајло Маневски, поранешниот претседател на Кривичен Суд, Владимир Панчевски, деканот на Градежен факултет, Дарко Мославац, претседателот на МАНУ, Таки Фити, текстописецот Огнен Неделковски, Државната комисија за спречување корупција, управителот на „Југохром Алзар", Васко Скендеровски, медиуми од кои се пренесени прилози и др.

Во категоријата од вестите посветена на „активности на органите на власт", и во овој извештаен период, временски најзастапена беше Владата на Република Македонија со 46 минути и 58 секунди. Овде се вклучени прилозите за надворешно-политичките активности во мониторираниот период, проследени преку изјави на министерот за надворешни работи, Никола Димитров за преговорите со Грција, изјави на владиниот портпарол, Миле Бошњаковски, изјава на министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески за грешките во проектот на автопатот Кичево –Охрид, вести во низа за одлуките на Владата во врска со Законот за следење на комуникации, изјава на премиерот Зоран Заев на празнувањето на 11 Октомври, изјава на министерката за труд и социјала, Мила Царовска како и пренесени соопштенија и извештаи од МВР.

Во „Алфа Анализа" емитувана во двете изданија на вестите на 13 октомври, телевизијата се осврна на изборната кампања на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ и оттаму времето од 6 минути и 51 секунда за коментари и осврти. Во прилогот под наслов: „Алфа анализа: ВМРО ДПМНЕ се фокусира на позитивниот дел, а СДСМ влезе и во црна кампања", изнесени се ставовите на универзитетската професорка Татјана Каракамишева и на аналитичарот Владимир Божиновски.

*Табела 2: Структура на директните обраќања*

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:45:18 | 22.63 | % |
| Влада на РМ | 00:07:50 | 3.91 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:03:32 | 31.73 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:22 | 7.68 | % |
| Други субјекти | 00:41:56 | 20.95 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:01:32 | 0.77 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:04:03 | 2.02 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:22 | 1.18 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:02 | 4.01 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:39 | 0.32 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:56 | 0.97 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:22 | 0.18 | % |
| Левица | 00:00:57 | 0.47 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:13 | 1.61 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:04 | 1.03 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:24 | 0.20 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:16 | 0.13 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:24 | 0.20 | % |
| | **Вкупно: 03:20:12** | **100** | **%** |

Распоредот на директните обраќања во вестите од втората табела ја следи логиката на вкупната застапеност на субјектите во вестите од првата табела. За Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ за директни обраќања во двете изданија на вестите на ТВ Алфа се одвоени 1 час 3 минути и 32 секунди, а за Коалицијата предводена од СДСМ беа одвоени 45 минути и 18 секунди.

*Посебни информативни емисии*

ТВ Алфа емитуваше повеќе посебни информативни емисии со учесници во изборниот процес или на теми поврзани со изборите.

*Дебатни емисии*

Во овој деветдневен период ТВ Алфа емитуваше две изданија на дебатната емисија „Ѕид" со две репризи и едно премиерно и репризно издание од дебатната емисија „60 минути со Горан Момировски".

На 5 октомври во емисијата "Ѕид" гостин беше професор Љубомир Цуцуловски, а теми на разговорот – текот на кампањата за локалните избори, нерасчистените инциденти и предизборните ветувања, договорот со Бугарија, случајот „Смилковско Езеро" и паралелата меѓу Каталонија и Македонија. Реприза од емисијата беше емитувана на 7 октомври.

Во второто издание на емисијата „Ѕид" што беше емитувано на 12 октомври и репризирано наредниот ден, гости беа Татјана Каракамишева, професорка по уставно право на УКИМ и Сотир Костов, поранешен обвинител, аналитичар и колумнист. Тема на дебатата беше предизборната кампања и законот за следење на комуникации.

Во емисијата „60 минути со Горан Момировски" што беше емитувана на 11 октомври и репризирана на 12 октомври, на темата „Македонија во контекст на глобалните геополитички игри", дебатираа: Лидија Ѓорѓиева, професорка на Институтот за безбедност на УКИМ и Љубомир Гајдов, политички коментатор.

*Други информативни програми*

Од другите информативни емисии во овој мониториран период беа емитувани две изданија на политичкиот магазин „Седмица" со Коле Чашуле, едно издание на емисијата „Несомнено" со Катерина Гетева и едно издание на емисијата „Во центар" со Васко Ефтов.

Во првото издание на политичкиот магазин „Седмица" што беше емитуван на 6 октомври, авторот ги коментираше предизборните инциденти и нерешените случаи од МВР. Емисијата беше репризно емитувана на 7 октомври.

На 13 октомври беше емитувано второ издание на политичкиот магазин „Седмица", во кое во фокусот на авторот беа ветувањата во предизборната кампања, финансискиот извештај на СДСМ, идејата на претседателот на ДУИ, Али Ахмети, за консензуален кандидат за претседател, „случајот Панчевски" и македонско -грчките преговори за името.

Информативната емисија „Несомнено" премиерно беше емитувана на 10 октомври и репризирана на 11 октомври. Тема на емисијата беше изборот на нов јавен обвинител и работата на Советот на ЈО. Соговорници во емисијата беа Лидија Раичевиќ и Лорија Ваневска.

На 8 октомври беше емитувана емисијата „Во центар" со Васко Ефтов. Во најава за новата сезона, првото издание на емисијата беше компилација со делови од претходно емитувани интервјуа со Божидар Димитров, Мирослав Грчев, Здравко Савески, Агим Јонуз, Југослав Петрушиќ.

На 13 октомври на последниот ден од кампањата пред почетокот на изборниот молк, ТВ Алфа, во терминот од 22 часот и 24 минути емитуваше Отворено студио – специјализирана емисија посветена на „Локалните избори 2017".

*Други програми*

Во забавно-информативната емисија „Алфа Скоп" што премиерно се емитува секој работен ден со едно репризно издание наредниот ден, медиумот емитуваше по неколку информативни блокови со селектирани прилози од изданијата на Вестите од претходниот ден или со прилози со актуелни настани кои потоа се дел од Вестите во тековниот ден. Најголем дел од селектираните прилози беа од претставувањето на учесниците во локалните избори од двете коалиции со најголем број кандидати за градоначалници и советници– Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата предводена од СДСМ и резултати од анкетата на Институтот „Димитрија Чуповски".

Во завршниот период од кампањата на учесниците на локалните избори, телевизијата продолжи да емитува интервјуа со кандидатите за градоначалници од Коалицијата ВМРО ДПМНЕ. Во информативниот блок „Избори 2017" што првично беше најавен како дебата на кандидатите за градоначалници во поголемите општини од двете најголеми коалиции предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ, и во овој период беше реализиран како серија интервјуа со кандидатите за градоначалници од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и со кандидатот за градоначалник на Општина Карпош од партијата ГРОМ, со забелешка дека кандидатите од СДСМ биле поканети, но не се појавиле на дебата. Во овој мониториран период, во емисијата „Алфа Скоп" беа емитувани интервјуа со: Владо Мисајловски (кандидат за градоначалник на Ѓорче Петров од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ), Зоран Ѓоргиевски (кандидат за градоначалник на Куманово од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ), Ратко Димитровски (кандидат за градоначалник на Кочани од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ), Стевчо Јакимовски (кандидат за градоначалник на Карпош од ГРОМ), Зоран Илиоски (кандидат за градоначалник на Битола од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ).

На темата „Локални избори 2017' во емисијата беа емитувани и интервјуа со аналитичари и новинари - Владимир Божиновски (аналитичар), Васко Ефтов (новинар), Ефтим Клетников (историчар и колумнист), Ристо Никовски (политички аналитичар), Цветин Чилиманов (новинар и аналитичар), Сотир Костов (аналитичар).

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
19.10.2017
10 4585 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно информативните емисии анализирани се вестите од 19 и од 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Анализирани се изданијата на ТВ дневникот од 19 (на албански јазик) и од 22 часот (на македонски јазик), во периодот од 5 до 13 октомври 2017 година. Вкупното време на анализираниот дневно информативен материјал изнесува – 5 часа 57 минути и 33 секунди.

Во завршната недела од кампањата, ТВ Алсат М ја задржа уредувачката практика за Локалните избори 2017 година да известува одделувајќи ги во посебен информативен блок од ТВ дневниците новинарските прилози стриктно реализирани на оваа тема - вести и извештаи од митинзи, средби со граѓани, од прес-конференции и од промоција локални инфраструктурни или социјални проекти. Поединечните прилози за учесниците во кампањата беа стандардизирани и по жанр и по времетраење, така што е постигната релативна рамномерност во известувањето, имајќи ги предвид организациските капацитети на партиите / коалициите / независните кандидати, но и програмските интенции на ТВ Аласат М преку поставеноста на програмската шема како претежно забавно-информативна целина. Покрај опишаните стандарди на известувачката рамка за изборните карвани, информативната редакција во повеќе наврати аналитички ги тематизираше и политичките и граѓанските очекувања и досегашните постигања од промотивниот дел на изборниот процес, поставувајќи ги изборните ветувања пред комуниколошки, политиколошки, економски / бизнис и граѓански опсервации. Оттаму произлегоа аналитички новинарски прилози – за досегашните социо-политички показатели на слаб јавен интерес за непосредни соочувања меѓу градоначалничките кандидати; за демистификација на најчестите изборни ветувања – од екологијата, од инфраструктурата и од економичната енергетика; за (зло)употреба владини проекти и функции на власта во промотивен прилог за тековната изборна кампања; за повторното проблематизирање на (не)прочистеноста на единствениот Избирачки список, но и за скудноста релевантни и корисни податоци што редовно и по законска основа би требало да ги објавуваат единиците на локалната самоуправа.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Алсат-М | | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Активности на органите на власт | | |
| Судство | 00:56:45 | 26,23 % |
| Јавно обвинителство | 00:09:19 | 4,31 % |
| Влада на РМ | 00:54:58 | 25,41 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:17 | 2,44 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:18:02 | 8,34 % |
| Други субјекти | 00:26:10 | 12,09 % |
| Специјално обвинителство | 00:17:48 | 8,23 % |

| | | |
|---|---|---|
| Претседател на РМ | 00:01:39 | 0,76 % |
| Без субјекти | 00:05:51 | 2,70 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:41 | 4,94 % |
| Граѓански сектор | 00:09:51 | 4,55 % |
| | **Вкупно за тема - 03:36:21** | **100 %** |
| **Активности на ДИК и други органи** | | |
| ДИК и други органи | 00:05:27 | 100,00 % |
| | **Вкупно за тема - 00:05:27** | **100 %** |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| Други субјекти | 00:01:52 | 4,12 % |
| Граѓански сектор | 00:08:09 | 18,00 % |
| Влада на РМ | 00:03:17 | 7,25 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:59 | 4,38 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:30 | 5,52 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:52 | 8,54 % |
| Без субјекти | 00:02:58 | 6,55 % |
| Беса | 00:01:01 | 2,25 % |
| Левица | 00:00:16 | 0,59 % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:16 | 0,59 % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:46 | 32,62 % |
| ДИК и други органи | 00:00:45 | 1,66 % |
| Собрание на РМ | 00:00:35 | 1,29 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:35 | 1,29 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:30 | 3,31 % |
| Судство | 00:00:55 | 2,03 % |
| | **Вкупно за тема - 00:45:16** | **100 %** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:15:19 | 16,93 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:15:15 | 16,85 % |
| Алијанса на Албанците | 00:14:06 | 15,58 % |
| Беса | 00:14:12 | 15,69 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:16:03 | 17,74 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:34 | 17,20 % |
| | **Вкупно за тема - 01:30:29** | **100 %** |

**Вкупно - 05:57:33**

Освен изборниот процес, за информативната редакција на ТВ Алсат М и во овој период посебно важни беа контроверзните случувања во македонскиот судски систем, и на ниво на нагласена потреба од темелни реформи (сложеноста на темата е прикажана и поткрепена со мислења на правни експерти – од академски кругови, од некогашни функционери на судската власт, и од искусни практичари во правосудството), и преку повеќегодишни, секојдневни новинарски известувања за општествено-политичките импликации од одредени судски процеси („Диво населе“; „Монструм“; „Сопот“). Во оваа тематска рамка се издвои сомнежот за постоење „паралелен систем во Кривичниот суд“, јавно, на површина изваден преку процесите што ги води Специјалното јавно обвинителство, за увид во начинот по кој (не)функционирал АКМИС – автоматизираниот информациски компјутерски систем за распределба на судските случаи. За важноста на оваа тема, говори и

тоа што во актуелно-информативната емисија „360 степени“ е обработена и преку интервју со Оливер Ристовски, заменик-министерот за правда.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:13:41 | 12,74 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:54 | 3,63 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:31 | 2,34 | % |
| Други субјекти | 00:09:24 | 8,75 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:06 | 6,61 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:14 | 6,73 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:06:35 | 6,13 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:08:04 | 7,51 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:42 | 7,17 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:07:32 | 7,01 | % |
| Беса | 00:07:13 | 6,72 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:24 | 0,37 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:37 | 0,57 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:29 | 10,69 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:57 | 7,40 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:16 | 2,11 | % |
| Судство | 00:02:27 | 2,28 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:19 | 1,23 | % |
| | **Вкупно - 01:47:25** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

На 5 октомври, во емисијата „Патот кон...“, гостуваа кандидатите за градоначалник на Струга: Зијадин Села (Алијанса на Албанците) и Лавдрим Елмази (Беса), додека Рамиз Мерко (ДУИ) бил поканет но одбил да присуствува со образложение дека е презафатен. На 10 октомври, во емисијата „200“, дебатата се водеше меѓу кандидатите за градоначалник на Тетово: Аднан Незири (Алијанса на Албанците), Теута Арифи (ДУИ) и Билал Касами (Беса), додека Бардул Даути, претставникот на ДПА, своеволно го одбил учеството на дебата. На 12 октомври, во емисијата „Патот кон ...“, дебатата за иден градоначалник на Гостивар се водеше меѓу: Невзат Бејта (ДУИ), Арбен Таравари (Алијанса на Албанците), Асаф Адеми (Беса) и Шпат Исени (Коалиција - Алијанса за Албанците).

Вон рамките на дебатите организирани по повод Локалните избори 2017 година, ТВ Алсат М во емисијата „Економски магазин“ реализираше дебата за аграрната политика на Владата, а дебатираа – Драги Димитриевски, поранешен декан на Земјоделскиот факултет во Скопје и член на извршниот одбор на опозициската ВМРО ДПМНЕ, и Љупчо Николовски, професор на Земјоделскиот факултет во Скопје, сега надворешен советник на актуелниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во дебатата е вклучен и прилог во кој се изнесени ставовите на Огнен Оровчанец, претставник на групацијата – мелничари, при Сојузот на стопанските комори.

*Актуелно-информативни програми*

Изданието на „360 Степени", актуелно-информативната емисија со документаристички пристап, за основна тема ги имаше проблемите во македонскиот судски систем, со посебна нагласка на актуелните ревизии што ги врши Специјалното јавно обвинителство врз работата на Кривичниот суд.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4586 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупноемитуваната програма на радиодифузерот, а од дневноинформативните емисии анализирани се вестите од 15 и од 18 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Од вкупно 6 часа 48 минути и 30 секунди, опфатени во аналитичкиот примерок издвоен од дневноинформативните емисии емитувани со почеток од 15, односно од 18 часот во периодот од 5 до 13 октомври 2017 година, стриктно за облиците на изборната кампања – средби со граѓани, митинзи и/или промоција проекти, ТВ Канал 5 одвои – 1 час 55 минути и 21 секунда. Проценето низ релациите на повеќе релевантни критериуми: - бројот на потврдените кандидатски листи; - бројноста, обемот, територијалниот опфат на кампањските активности и консеквентната промоција кандидати за градоначалници, а не општи / партиски идеи и ставови; - споредба со начините и со обемот во кои изборните активности ги покривале другите комерцијални телевизии на државно ниво (*тука посебно оние што емитуваат програма само на македонски јазик, а чиј формат како и на ТВ Канал 5 е претежно забавен*) -, односно, критериуми чија дефинитивна рамка е одредбата од членот 75, став 2 од Изборниот законик, може да се констатира дека информативната редакција на ТВ Канал 5, во анализираните два програмски термина за изданијата на ТВ дневникот – релативно успешно се придржуваше до принципот за рамноправно медиумско известување за учесниците на Локалните избори 2017 година.

Ваквата констатација, имајќи ја предвид констелацијата споменати аналитички аспекти, произлегува пред сѐ поради безмалку исклучивиот информативен редакциски фокус врз кампањите на спротивставените коалиции предводени од владејачката СДСМ и од опозициската ВМРО ДПМНЕ. Меѓутоа, ни во опсегот на тој информативен фокус, ниту во каков било друг медиумски облик, не се најде место единствено за кампањата на ДПА, додека медиумската присутност на партиите – Беса, Алијансата на Албанците, Левица и Народното движење за Македонија, ТВ Канал 5 ја компензираше преку одредени изданија на дебатната емисија „Само вистина“. Сепак, повторно по споредбен увид, земајќи го за основа - збирот новинарски информативни прилози направени за сите дваесет дена од изборната кампања, заклучок е дека кампањата на ДПА, и кај другите комерцијални телевизии на државно ниво што емитуваат програма исклучиво на македонски јазик, се сведува на невлијателно информативно време што не надмина повеќе од 3 минути.

Во оваа смисла, пак, општо речено, ТВ Канал 5 се потруди известувањето за реално преземените кампањски активности да го стандардизира - и жанровски и според отстапената минутажа, без какво било забележливо информативно повластување за кој било учесник во изборниот процес, при што, повторно, мора да се има предвид дека статистиката за распоредот на информативните минутажи не зависеше секогаш само од намерите и од ажурноста на уредувачката политика, туку е директно поврзана со организациските и со комуникациските капацитети на партиите, на коалициите и на независните кандидати. Покрај формалните новинарски извештаи од споменатите облици на кампањата, ТВ Канал 5 на гледачот / потенцијалниот гласач, и во двата емитувани дневника му понуди и аналитичка платформа за критичка опсервација на сложените содржини врамени во темата – Локални избори 2017 година, и тоа преку свои компаративни анализи за можните изборни исходи во одредени единици на локалната самоуправа, и преку сопоставување експертски ставови за различни аспекти на истата тема – комуниколошки, социо-психолошки, политиколошки, или пак ставови што се темелат на индивидуални искуства од (парламентарен) минат политички мандат. Дополнително, во прилог на темата, информативната редакција беше активна и преку организацијата дебати меѓу некои од кандидатите за градоначалници на поголемите скопски и македонски општини, но и во овој медиумски сегмент, иницијално, дебатата речиси исклучиво се сведе на споменатата поларизација – СДСМ /

ВМРО ДПМНЕ, при што, медиумот отворено го критикуваше (цитат) – „*политичкиот примитивизам*", на кандидатите што го игнорираа повикот за јавно соочување.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Јавно обвинителство | 00:02:34 | 1,50 | % |
| Влада на РМ | 01:07:58 | 39,79 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:39 | 3,31 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:02 | 6,46 | % |
| Специјално обвинителство | 00:24:42 | 14,46 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:45 | 5,71 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:52 | 1,09 | % |
| Без субјекти | 00:03:08 | 1,83 | % |
| Претседател на РМ | 00:06:31 | 3,82 | % |
| Други субјекти | 00:13:04 | 7,65 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:47 | 4,56 | % |
| Судство | 00:13:30 | 7,90 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:03:16 | 1,91 | % |
| | **Вкупно за тема - 02:50:48** | **100** | **%** |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:05:24 | 100,00 | % |
| | **Вкупно за тема - 00:05:24** | **100** | **%** |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Влада на РМ | 00:13:18 | 17,56 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:37 | 3,45 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:18 | 12,28 | % |
| Други субјекти | 00:28:31 | 37,65 | % |
| Беса | 00:00:56 | 1,23 | % |
| Без субјекти | 00:02:14 | 2,95 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:08 | 13,38 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:46 | 10,25 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:57 | 1,25 | % |
| | **Вкупно за тема - 01:15:45** | **100** | **%** |
| Активности на учесниците во изборната кампања и кандидати | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:53:35 | 46,45 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:51:35 | 44,72 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:56 | 2,54 | % |
| Левица | 00:01:07 | 0,97 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:06:08 | 5,32 | % |
| | **Вкупно за тема - 01:55:21** | **100** | **%** |
| Коментари/ставови | | | |
| Други субјекти | 00:41:12 | 100,00 | % |
| | **Вкупно за тема - 00:41:12** | **100** | **%** |

**Вкупно - 06:48:30**

Од другите општествено-политички теми што не се однесуваа на изборната кампања, а сепак се важни за акцентирање во извештајов - поради зачестеноста, магнитудата на последиците што засега низа нивоа од (не)квалитетот и (не)функционалноста на политичкиот систем, но и поради континуитетот на новинарскиот известувачко-аналитички интерес за нив -, можат да се споменат: неколкумесечниот, алармантен „црн тренд" од дисфункционалноста на државната Гинеколошко-акушерска клиника; истражните постапки што ги води Специјалното јавно обвинителство против раководството на Кривичниот суд; владините ревизии за работата на 30 јавни претпријатија. Оттаму и мноштвото субјекти излистани под насловот – „Активности на органите на власта", опфатени преку новинарски прилози што освен редовната работа на Владата и на судската власт, ги тематизираа и мотивите и причинско-последичната мрежа општествено-политички односи меѓу органите на државната управа/јавните претпријатија/установи, невладиниот сектор и претставниците на т.н. меѓународна заедница. Во тематската област насловена – „Други теми поврзани со изборите", бележени се активности на - политички партии / коалиции независно од изборните карвани; граѓански организации; мониторинг мисијата на ОБСЕ ОДИХР, како и конкретни активности и јавно декларирани заложби на МВР во прилог на – „фер и демократски изборен процес", често како зафати по одредени инциденти произлезени од кампањата.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:23:36 | 15,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:10 | 4,03 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:43:33 | 28,46 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:41:06 | 26,86 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:04:19 | 2,82 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:39 | 1,08 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:02 | 3,29 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:56 | 3,88 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:00 | 0,65 | % |
| Други субјекти | 00:06:16 | 4,09 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:24 | 5,49 | % |
| Левица | 00:00:49 | 0,53 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:47 | 1,82 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:20 | 0,22 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:05 | 1,36 | % |
| | **Вкупно - 02:33:02** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Ангажманот на ТВ Канал 5 околу организирање - дебатни соочувања меѓу учесниците во изборниот процес, беше реализиран во изданијата на емисијата „Само вистина", освен кога оваа замисла ја игнорираа некои кандидати за градоначалници, па одредени изданија се сведоа на – интервјуа. Од 5 до 13 октомври, последната фаза од кампањата за „Локалните избори 2017 година", во овој медиумски облик се појавија:

Александар Наумовски, кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ за градоначалник на Општина Ѓорче Петров (отсуствуваше Владо Мисајловски, кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ); Благој Бочварски (Коалиција - СДСМ) и Илчо Захариев (Коалиција – ВМРО ДПМНЕ) – кандидати за грдоначалник на Штип; Марија Џонс, кандидатка за градоначалничка на Скопје од партијата Левица, и нејзиниот противкандидат Ѓорги Тодоров од НДМ; Филип Темелковски (Коалиција - СДСМ), кандидат за градоначалник на Општина Кисела Вода (своеволно отсуствуваше Јохан Тарчуловски, кандидатот на Коалицијата - ВМРО ДПМНЕ). Изданието на „Само вистина" од 13 октомври, беше реализирано како претставување на Насто Палиоски, независен кандидат за градоначалник на Струга, и на Стефче Стевоски, независен кандидат за градоначалник на Охрид. На 6 октомври, за етички и за комуникациски аспекти на темата – Локални избори, дебатираа социологот Илија Ацевски и психологот Станислав Петковски, а на 10 октомври – Алберт Муслиу и Солза Грчева.

_Други програми_

Деловите од утринската програма „Здраво Македонијо", реализирани како „отворено студио" за јавувања на пошироката јавност по актуелни оштествено-политички случувања, во периодот од 5 до 13 окотмври 2017 година за теми ги имаа:

- *Барањето на ЕК за отчет од работата на министерствата од македонската Влада;*
- *Нова административна услуга – „извод од матично" - на домашна адреса;*
- *Истражување – 14% од граѓаните побарале партиска помош;*
- *Проблеми со сообраќајната некултура:*
- *Чичаковски – Избирачкиот список дава добра основа за кредибилни избори;*
- *Декларација против насилство врз здравствени работници;*
- *Ќе ги одлучат ли неопределените гласачи изборните резултати?*
- *Ќе ѝ даде ли ЕУ на Македонија елан во 2018 година?*
- *Се гласа за личност или за партија?*
- *Нефункционалноста на државната Гинеколошко-акушерската клиника;*
- *Кој ќе победи на изборите во недела?*

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4587 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се Дневникот во 19:30 часот, Бизнис вестите (кои се емитуваат секој работен ден) и вториот Дневник, по 23 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози изнесува 5 часа 51 минута и 41 секунда, презентирани во жанровите извештај, изјава, вест, соопштение, и осврт и анализа (20-тина минути).

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:35:53 | 40,01 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:31 | 7,27 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:24:06 | 26,87 | % |
| Претседател на РМ | 00:05:47 | 6,45 | % |
| Други субјекти | 00:07:56 | 8,85 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:02 | 1,15 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:38 | 0,71 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:17 | 1,43 | % |
| АРМ | 00:02:28 | 2,75 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:31 | 2,81 | % |
| Судство | 00:01:32 | 1,71 | % |
| Вкупно за тема: | 01:29:41 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:07:57 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:07:57 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Други субјекти | 00:06:37 | 16,38 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:13 | 32,73 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:04 | 2,64 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:30 | 3,71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:05 | 34,87 | % |
| Без субјекти | 00:01:42 | 4,21 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:26 | 1,07 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:30 | 1,24 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:01:16 | 3,14 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно за тема: 00:40:23 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:29:10 | 46,06 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:36:48 | 50,00 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:02:38 | 1,36 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:45 | 1,42 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:42 | 0,88 | % |
| Беса | 00:00:33 | 0,28 | % |
| | Вкупно за тема: 03:13:36 | 100 | % |
| **Коментари/ставови** | | | |
| | Вкупно за тема: 00:20:04 | 100 | % |
| | **Вкупно: 05:51:41** | | |

Централна тема на дневно-информативните емисии, и во вториот извештаен период, остана кампањата, на која и се посветени 3 часа и 13 ипол минути, односно повеќе од половина од анализираните прилози. Акцентот при известувањето, повторно, беше практично целосно ставен на коалициите со најмногу листи за градоначалнички и советнички кандидати – едната предводена од ВМРО ДПМНЕ и другата од СДСМ. Квалитативниот третман остана еднаков – со јавувања во живо од митинзите на двете коалиции во вестите во 19 часот, снимки од обраќањата од митинзите во подоцнежните вести и нивна реприза во вестите наредниот ден, изјави од градоначалничките кандидати на кои се настојуваше да им се обезбеди еднакво време, што се потврдува и со распоредот на директните обраќања (Табела 2). За кампањите на други партии има малку време, со тоа што две (ГРОМ и Сојуз на Ромите од Македонија) имаа свои градоначалнички кандидати поддржани од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ, и по некоја минута имаат добиено ДУИ и Беса. Нема информации за другите парламентарни и вонпарламентарни партии и независни кандидати.

За изборите имаше и три аналитички прилози:

„Анализа: Монотона кампања, со инциденти за кои МВР тврди дека не се поврзани со изборите" (4 минути и 50 секунди) беше посветен на пренесување и анализа на пораките и текот на кампањите на коалициите предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ, со потсетување дека уште на стартот од кампањата, експертската јавност предвиде монотона атмосфера без многу турбуленции.

Повод за освртот „Аналитичари: Концептот на секојдневни масовни предизборни митинзи е застарен концепт во дигитално време" (3 минути и 33 секунди) беа централните митинзи на партиите (претходната вечер ваков митинг во Скопје имаше одржано Коалицијата предводена од СДСМ) при што беше направена споредба со практиката во САД и беа консултирани двајца експерти според кои митинзите се потребни, но не со динамиката која партиите ја наметнуваат.

Пред молкот беше направена уште една анализа „Последен ден кампања - ВМРО - ДПМНЕ во Скопје, СДСМ во Охрид" (4 минути и 4 секунди) со ставови на експертите за тоа дека се водеше кампања која повеќе доликува за парламентарни избори во која беа најавени (пре)многу локални проекти што не можат да се исполнат за еден мандат.

*Табела 2 – Структура на директните обраќања*

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:08:19 | 39,78 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:01:52 | 1,09 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:03:47 | 37,14 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:59 | 1,16 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:23 | 3,72 | % |
| Влада на РМ | 00:06:27 | 3,76 | % |
| Други субјекти | 00:03:17 | 1,91 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:46 | 2,78 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:47 | 4,53 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:37 | 0,94 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:50 | 0,49 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:58 | 1,15 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:33 | 0,32 | % |
| Беса | 00:00:23 | 0,22 | % |
| АРМ | 00:00:40 | 0,39 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:01:05 | 0,63 | % |
| | **Вкупно: 02:51:43** | **100** | **%** |

Од другите теми состојбата во здравството беше следена во низа (особено на клиниките за гинекологија и радиологија), неретко како прва информација во вестите. Имаше информации за редовните активности на власта на домашен план, а на надворешен план - за средбата на министрите за надворешни работи на Македонија и Грција, Никола Димитров и Никос Коѕијас, во рамките на состанокот на кој учествуваа и шефовите на дипломатиите на Бугарија и Албанија.

_Други програми_

ТВ Сител, во утринската програма „Ја сакам Македонија" има редовна рубрика за контакт со гледачите насловена *„На дневен ред"*. На 5 октомври 2017 година, се репризираше изданието од 4 октомври во кое гледачите го изнесуваа своето мислење на следниве теми: *„Дваесет и две години од атентатот на првиот македонски претседател - Глигоров замина без да дознае кои беа извршителите"* и *„ДИК повика на смиреност пред Локалните - Очекувате ли продолжување на предизборните инциденти?"*. Во редовното утринско издание од 5 октомври 2017 година, темите на кои гледачите дискутираа и изнесуваа ставови беа следните: *„Во Албанија постои само македонско малцинство, не и бугарско!"* и *„При крај е собирањето потписи за зголемено породилно отсуство на 18 месеци!"*. Репризното издание на оваа утринска програма беше емитувано на 6 октомври 2017 година, а во следните изданија не се споменуваа теми поврзани со изборите, сè до 12 октомври 2017 година, кога гледачите се изјаснуваа на темите: *„Има ли добри програми и понуди за претстојните локални избори?"* и *„Сè повеќе деца уште во основно училиште со прекумерна тежина!"*. На 13 октомври се емитуваше реприза од изданието од претходниот ден, а редовната утринската програма не ја опфати рубриката *„На дневен ред"*.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4588 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 15:30 и во 18:30 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, беа анализирани прилози со вкупен обем од 6 часа 1 минута и 42 секунди, по жанр најчесто извештаи, коментаторски извештаи, потоа изјави, вести, соопштенија и осврти и коментари (околу 29 ипол минути).

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Јавно обвинителство | 00:04:48 | 2,51 | % |
| Влада на РМ | 00:59:51 | 31,26 | % |
| Судство | 00:34:31 | 18,03 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:01 | 5,23 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:12 | 4,28 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:24:54 | 13,01 | % |
| Други субјекти | 00:21:36 | 11,28 | % |
| Специјално обвинителство | 00:14:23 | 7,51 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:08 | 0,59 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:51 | 0,44 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:45 | 3,53 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:02 | 0,54 | % |
| АРМ | 00:03:25 | 1,78 | % |
| Вкупно за тема: | 03:11:27 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:40 | 26,19 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:31 | 73,81 | % |
| Вкупно за тема: | 00:10:11 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:40 | 3,65 | % |
| Без субјекти | 00:01:56 | 2,64 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:56 | 2,64 | % |
| Други субјекти | 00:24:02 | 32,86 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:02 | 1,41 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавно обвинителство | 00:01:02 | 1,41 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:32 | 11,67 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:37 | 3,58 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:21 | 15,52 | % |
| Влада на РМ | 00:06:46 | 9,25 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:37 | 13,15 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:37 | 2,21 | % |
| Вкупно за тема: | 01:13:08 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:20:47 | 36,24 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:14:14 | 24,82 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:58 | 15,63 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:44 | 6,51 | % |
| Беса | 00:03:48 | 6,63 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:04:20 | 7,56 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:51 | 1,48 | % |
| Левица | 00:00:39 | 1,13 | % |
| Вкупно за тема: | 00:57:21 | 100 | % |
| Коментари/ставови | | | |
| Вкупно за тема: | 00:29:35 | 100 | % |
| Вкупно: | 06:01:42 | | |

ТВ Телма, и во овој извештаен период, известуваше за активностите од кампањите на учесниците во Локалните избори 2017 година, како за уште еден актуелен настан, обично информирајќи за нив кон крајот од првото анализирано издание на вестите. Оттаму, прилозите за овој вид настани сочинуваат помалку од еден час (57 минути и 21 секунда), поради што е методолошки неоправдано да се извлекуваат заклучоци за баланс во известувањето. Како што покажуваат податоците од Табела 1, најмногу информации, иако повторно со мал интензитет, имаше за активностите од кампањите на двете коалиции со најголем број листи на кандидати за градоначалници и за советници – едната предводена од СДСМ, а другата од ВМРО ДПМНЕ, по што следат ДУИ, Алијанса на Албанците, Беса, ДПА и Сојузот на Ромите од Македонија, а четириесетина секунди има и за Левица. Квалитативно третманот беше еднаков, вклучувајќи го тука и распоредот на директните обраќања (Табела 2).

*Табела 2 – Структура на директните обраќања*

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:19:14 | 18,13 | % |
| Судство | 00:04:21 | 4,10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:43 | 3,50 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:05 | 7,62 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:14:33 | 13,71 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:47 | 9,22 | % |
| Беса | 00:01:22 | 1,29 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:35 | 3,38 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:07:14 | 6,82 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:28 | 0,44 | % |
| Други субјекти | 00:12:00 | 11,31 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:13 | 7,74 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:00 | 3,77 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:34 | 0,53 | % |
| Левица | 00:00:29 | 0,46 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:02 | 0,97 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:57 | 2,78 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:02:53 | 2,72 | % |
| АРМ | 00:01:06 | 1,04 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:30 | 0,47 | % |
| | **Вкупно: 01:46:06** | **100** | **%** |

Оваа телевизија ги обработуваше изборите низ повеќе аналитички прилози. „Дали „црната“ изборна кампања ќе влијае врз гласачите?“ (1 минута и 40 секунди) е прилог од емисијата „*Код*“ во која беше направен осврт на користењето т.н. црна кампања во изборите. Во „Градоначалници со најдолг стаж бараат нов мандат“ (2 минути и 7 секунди), се разгледуваше фактот дека има градоначалници со по четири последователни мандати кои повторно се на кандидатските листи со став на универзитетски професор дека мандатот не треба да се ограничи со Закон. За организацијата на митингот на владејачката партија СДСМ во Скопје, за кој граѓани од други градови беа донесени со автобуси, имаше критички прилог со експертско мислење „Трошановски: Власта да не го повторува она што го критикуваше додека беше во опозиција“ (2 минути и 50 секунди). Во „Димитров - најбогатиот кандидат за градоначалник“ (4 минути и 22 секунди) беше презентирано кои се десетте најбогати кандидати за градоначалници според вредноста на анкетниот лист, а ранг листата на најбогатите кандидати беше изработена од МЦМС. Имаше прилог и за тоа чија кампања колку чини, врз основа на извештаите што на средина од кампањата партиите мора да ги достават до ДИК.

Фокусот на ТВ Телма остана на другите теми како што се редовните активности на власта, меѓу кои и серија прилози кои се однесуваат на прашањето за исплата на минималната плата при што беа спротивставени ставот на Антикорупциска комисија – дека тоа не треба да се случи во време на избори зашто би претставувало повреда на Изборниот законик, и на Министерството за труд и социјална политика, на Агенцијата за вработување и на експертите – дека тоа е обврска која произлегува од нов закон.

Уште една тема беше развојот на настаните околу доизградбата на автопатот Кичево – Охрид третирана преку освртот „Парите што ги бараат Кинезите за Кичево-Охрид се нереални, велат стручњаците“ (3 минути и 1 секунда) каде наводите за големо поскапување на автопатот беа оценети како нереални од експерти. На оваа тема беше и освртот „Владата мора да земе кредит за автопатот Кичево-Охрид“ (2 минути и 15 секунди) потоа, прилозите за тоа каде лежи одговорноста и сл.

Од надворешно-политичките активности на извршната власт – за средбата на министрите за надворешни работи на Македонија, Грција, Бугарија и Албанија во Солун беше известувано со репортер, а подоцна беше пренесена и изјава од министерот Димитров дека не е договорена комисија за ревизија на учебниците, како и прилог за дефанзивните позиции и песимистичките погледи во грчкото општество околу спорот со Македонија, произлезени од испитувањето на мислењето на грчката јавност.

Продолжи и континуираното следење на работата на судската власт. Во низа беше известувано особено за претресот во канцеларијата и домот на поранешниот претседател на Кривичниот суд Владимир Панчевски. Низ прилозите беа пренесени неговото тврдење дека од СЈО при претресот му украле клуч, демантот од специјалната обвинителка Катица Јанева, комисискиот увид во системот за распределба на судски случаи АКМИС, состанокот на в.д. директорот на Кривичниот Суд Стојанче Рибарев со судиите во врска со претресот и ревизијата на АКМИС системот, увидот во гевгелискиот Суд итн. Прилози имаше и за

предлог-измените за Судскиот совет и за укинување на Советот за факти; за пресвртот во случајот „Монструм" со ставови на судии, експерти, роднини на обвинетите и на убиените, адвокати; за судењето и пресудата за напаѓачот на Радмила Шеќеринска во Собранието; за активности на граѓанскиот сектор за преразгледување на судски случаи во кои постои сомневање дека биле монтирани итн.

Информации имаше и за состојбата на клиниките за гинекологија и за детски болести во светло на големата смртност на бебињата, за инспекцискиот надзор во првата клиника, и отворањето на новата интензивна нега на втората, со изјави и од претходната и од сегашната директорка и со информација за дисциплинската постапка против претходната директорка поради дадената изјава.

Во овој период имаше уште два аналитички прилози: по повод 11 Октомври, во освртот „Празниците служат за обединување на граѓаните" (1 минута и 52 секунди) со помош на експертски став се преразгледуваше важноста на одбележувањето на празниците и општественото значење на секуларните наспроти верските празници, а во „Се прави ли обид за влез на албанска нафта на македонскиот пазар?" (3 минути и 1 секунда), се истражуваше и прашањето околу неразрешениот скандал со увоз на неквалитетна албанска нафта.

*Посебни информативни емисии*

ТВ Телма и во вториот извештаен период емитуваше неколку посебни информативни емисии „Топ тема" и „Топ тема на Ваша страна", со учесници во изборниот процес и организатори на изборни кампањи, со аналитичари и експерти на актуелни теми, министри во Владата на РМ и директори на јавни претпријатија, новинари. Продолжија и посебните дебатни емисии организирани во различни општини низ Македонија во „Town Hall дебати" и актуелно – информативните емисии „Ноќно студио" и „Код". Овие емисии, главно се емитуваа еднаш премиерно со една реприза истиот или наредниот ден.

*Дебати*

На 05.10.2017 г. се емитуваше „Топ тема на Ваша страна - Town Hall дебатата со Боби Христов" од Битола, во која дебатираа: Зоран Илиоски кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Наташа Петровска кандидатка на Коалицијата предводена од СДСМ, Јорго Огненовски независен кандидат и Кирчо Ташков независен кандидат.

На 06.10.2017 г. се емитуваше „Топ тема на Ваша страна - Town Hall дебатата со Сања Васиќ" од Охрид. Во ова издание дебатираа Јован Стојаноски кандидат на Коалицијата предводена од СДСМ и Стефче Стевовски независен кандидат, додека кандидатот за градоначалник на ВМРО ДПМНЕ ја одбил поканата.

На 09.10.2017 г. се емитуваше „Топ тема со Снежана Лупевска Созен" во која беа претставени резултатите од последната спроведена анкета на јавното мислење за соодносот на силите за Град Скопје. Анкетата беше по нарачка на ТВ Телма и на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), а прогнозираше предност на Шилегов пред Трајановски во Скопје и тесна битка во најголемите скопски општини. По презентацијата на резултатите од страна на новинарот Боби Христов, во емисијата дебатираа: Владимир Божиновски, аналитичар од Институтот за политички истражувања – Скопје (ИПИС), Атанас Кировски, главен и одговорен уредник на ТВ Телма и Сашо Клековски, аналитичар.

На 10.10.2017 г. беше емитувана Топ тема со Александар Чомовски, во која дебатираа: Ненад Марковиќ, професор на УКИМ, Насер Зибери нотар и поранешен министер, Ерол Ризаов, новинар, колумнист во „*Фокус*". Дебатата беше насочена на пораките од предизборните митинзи на најголемите политички партии во Македонија: „Поради што завршува времето на Груевски и започнува ерата на Заев?" Во тој контекст беше дебатирано и за промени во врвот на ВМРО ДПМНЕ, а беше обработена и темата: „Судење на судството, кривични пријави и апсења".

Во „Топ тема на ваша страна со Сања Васиќ", емитувана на 11.10.2017, дебатираа Алберт Муслиу аналитичар, Љупчо Ристовски, аналитичар и Зоран Ќука, новинар. Темата за дебатата беше поставена со прилог на Огнен Чанчаревиќ за соседните земји и масовните митинзи за да се докаже моќта на партиите и тоа во Србија, во Босна и Херцеговина, во Хрватска, во ГРЦИЈА и во САД.

Последна емитувана дебата од циклусот „Топ тема на Ваша страна - Town Hall", беше дебатата од Скопје на 12.10.2017 г. во која учествуваа Петре Шилегов, кандидат на Коалицијата предводена од СДСМ, Марија Џонс кандидатка од Левица, Ванчо Шехтански кандидат од ТМРО и Ѓорги Тодоров од НДМ. Досегашниот градоначалник и кандидат за нов мандат од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Коце Трајановски не дојде на соочувањето, односно го одбил учеството, иако бил уредно поканет. Наим Бајрами од Алијансата на Албанците и Нафије Селмани од Беса во последен момент го откажале учеството, а од ДПА воопшто не одговориле на поканата.

На 13.10.2017 г. се емитуваше „Топ тема со Оливера Трајковска", во која дебатираа: Трифун Костовски, поранешен градоначалник на Скопје, Мирослав Грчев, поранешен градоначалник на Центар и Сади Беџети, поранешен градоначалник на Тетово.

<u>*Актуелно-информативни програми*</u>

Во „Ноќно студио" со Сања Васиќ на 05.10.2017г. гостуваше Никола Дујовски универзитетски професор со коментари за новиот регионален сојуз на земјите од Западен Балкан, а беше реализирано и интервју со директорот на ЈП јавни патишта Зоран Китанов, во врска скандалите со изградбата на автопатиштата. Воедно, двете доминантни теми на ова издание со проширени прилози од вестите се: пробиените рокови, поскапената изградба - автопатиштата во ќорсокак, како и министерскиот состанок во Солун, но и прилог за СЈО и Катица Јанева кои со полицијата извршиле претрес во канцеларијата на поранешниот претседател на кривичниот суд Владимир Панчевски.

Следниот ден во „Ноќното студио" со Борјан Јовановски доминираат три тематски целини: Судството, спорот со името и Каталонија: „Можен ли е спогодбен развод со Шпанија?". Во емисијата имаше интервју со Бедри Ајдари брат и татко на обвинети во случајот Монструм. За емисијата е реализирано и интервју со Јанис Бутарис градоначалник на Солун.

„КОД со Снежана Лупевска – Созен" се емитуваше на 08.10.2017 г. со две главни теми. Првата, употребата на црните кампањи на локалните избори, придружено со кривични пријави за актуелни градоначалници и кандидати на изборите. За оваа тема беше побарано мислење од Весна Шопар, професорка и аналитичарка и Марина Тунева, извршна директорка на Советот за етика во медиумите на Македонија. Втората тема беше: „Кога и дали Македонија ќе добие кандидат кој со сатира ќе ги освои гласачите?". Во рамки на оваа тема имаше интервју со независната кандидатка за Дебарца Јадранка Бибан, која настапува со мотото „немој да гласаш за мене, ми треба само твоето внимание" и со претседателот на „Големата партија од Косово" Висар Арифај, како и Сашо Кокаланов и Бранко Огњановски, од *„Фчерашни новости"*. Во ова издание беше продолжена темата од претходното издание: „Издавањето македонски пасоши на странци" проследена со интервју со Павле Трајанов.

Во „Ноќно студио" со Сања Васиќ од 09.10.2017 г. темите беа: „Анкетата на Телма и на МЦМС за локалните избори на територија на град Скопје" со извадоци од дебатата во Топ тема, беше проширен прилогот од претходното издание на вестите за работата на Антикорупциската комисија, проследена со интервју со Драган Малиновски, адвокат и поранешен претседател на ДКСК, а беше поставена темата: „Трамп ја води Америка како реалити шоу", како и „50 години од основање на МАНУ", проследена со говор на Таки Фити претседател на МАНУ, и на претседателот на РМ Ѓорѓи Иванов.

На 10.10 2017 г. во „Ноќно студио" со Снежана Лупевска Созен имаше интервју за трансплантацијата на органи со д-р Нинослав Ивановски, нефролог, и со д-р Алексеј Сопронов, поврзано со индициите за транспорт на органи преку македонско-албанската граница и пресадување на органи во Албанија пласирана од Сали Бериша. Со Воислав Зафировски, поранешен член на ДКСК беше разговарано по прилогот

„Партиите ги покажаа сметките вредат ли трошењата за изборите" во кој беа пренесени ставовите на Миле Зечевиќ, шеф на изборниот штаб на СДСМ и на Христијан Мицковски, генерален секретар на ВМРО ДПМНЕ.

„Ноќно студио" со Боби Христов од 11.10.2017 г. ги обработи темите: „Валканите игри во судството на виделина" (во рамките на снимениот прилог имаше разговор со Маргарита Цаца Николовска), проследено со разговор со претседателот на здружението „Зелена лупа" Ване Цветанов. „Чествувањето на националните празници" проследено со интервју со професорката Татјана Стојановска Иванова, како и „Посетата на Ердоган на Србија".

„Ноќно студио" со Борјан Јовановски од 12.10.2017 г. емитуваше интервју со Илија Аргировски од Здружението на угостителите „Хорекаши", околу барањата за реформи во дејноста и изготвување национална стратегија. Беше емитуван прилог за „Реформи во следењето на комуникациите", проширен беше прилогот од вестите на темата: „Дали членот 175 е противуставен или проблемот со нелегално прислушување е на друга локација?", со изјави од Миле Бошњаковски, Трендафил Ивановски, поранешен претседател на Уставниот суд и Гордан Калајџиев, универзитетски професор. Се емитуваше и интервју со министерката за образование и наука Рената Тренеска Дескоска, по прилогот за учебниците: „Во 21 век учебници како од 15-ти". Емитувани се и пократки прилози за: „Пресудата за кубачот на Шеќеринска" и „Повлекувањето на САД од УНЕСКО".

Во рамките на „Ноќно студио" од 13.10.2017 г. со Борјан Јовановски обезбедени се репортерски јавувања од завршниот митинг на ВМРО ДПМНЕ во Скопје и од завршен митинг на СДСМ во Охрид. Беше емитувано интервју на Невена Смилевска, програмска координаторка за клима при „Еко-Свест", по прилогот за загадувањето на градовите и ветувањата од кандидатите за градоначалници за намалување на аеро-загадувањето. Темата „судство" е опфатена со прилогот: „Наместо по електронски пат, судските предмети рачно се делеле".

*Други програми*

Во овој период беше емитувана уште една реприза на емисијата „Еден на еден" со Жаре, премиерно емитувана во претходниот извештаен период во која, меѓу другите, се појавува и Иван (Ванчо) Петрушевски, кандидат за советник на Град Скопје од редовите на ВМРО ДПМНЕ.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4589 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:

- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се изданијата на вестите на албански јазик емитувани во 18:30 и во 23:00 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Вкупното времетраење на анализираните прилози во двете изданија вести во вториот деветдневен извештаен период од изборната кампања е 4 часа 3 минути и 13 секунди. Поголем дел од тоа време медиумот одвои за информирање за активностите на учесниците во изборната кампања (1 час 42 минути и 18 секунди), што е околу 42% од вкупното време на анализираните прилози, известувајќи преку информативните жанрови, вест и извештај (Табела 1).

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ 21 М | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Судство | 00:21:33 | 26,68 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:23 | 5,43 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:51 | 2,29 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:54 | 6,07 | % |
| Влада на РМ | 00:22:01 | 27,26 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:53 | 6,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:06 | 8,79 | % |
| Други субјекти | 00:10:45 | 13,31 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:34 | 1,94 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:53 | 1,09 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:53 | 1,09 | % |
| Вкупно за тема: | 01:20:46 | 100 | % |
| **Активности на ДИК и други органи** | | | |
| ДИК и други органи | 00:05:27 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:05:27 | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Други субјекти | 00:08:20 | 15,23 | % |
| Граѓански сектор | 00:15:20 | 28,03 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:48 | 3,29 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:06:15 | 11,43 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:26 | 8,10 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:06 | 2,01 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:06 | 2,01 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:06 | 2,01 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:04 | 11,09 | % |
| Беса | 00:02:17 | 4,17 | % |
| Без субјекти | 00:04:47 | 8,74 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:12 | 2,19 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:55 | 1,68 | % |
| Вкупно за тема: | 00:54:42 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Беса | 00:16:55 | 16,54 | % |
| Левица | 00:02:05 | 2,04 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:19:44 | 19,29 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:18:17 | 17,87 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:18:24 | 17,99 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:13:52 | 13,55 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:13:01 | 12,72 | % |
| Вкупно за тема: | 01:42:18 | 100 | % |

**Вкупно: 04:03:13**

Во вториот извештаен период од изборната кампања, Телевизија 21 М генерално известуваше од активностите/кампањите на шестте учесници во изборниот процес застапени во Парламентот на РМ – ДУИ, ДПА, Алијанса за Албанците, Беса и двете коалиции, едната предводена од ВМРО ДПМНЕ, а другата од СДСМ. Од вонпарламентарните политички субјекти учесници во изборниот процес, простор на програмата на оваа телевизија, во вториот извештаен период од изборната кампања, доби само партијата Левица (2 минути и 5 секунди).

Двете коалиции коишто имаа свои кандидати за градоначалници и листи со советници во најголем дел од општините во РМ, меѓусебно гледано со приближно еднаков број на истакнати кандидати, на програмата на телевизијата во анализираните изданија на вести, временски беа речиси идентично застапени. За Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ вкупното времетраење на анализираните прилози посветени на изборните активности на коалицијата во двете изданија вести е 13 минути и 52 секунди, а за истите активности на Коалицијата предводена од СДСМ беа одвоени 13 минути и 1 секунда.

Телевизијата нешто повеќе простор, гледано поединечно по политички субјект, одвои за активностите на политичките партии од албанскиот политички блок, иако во споредба со двете коалиции имаа секоја од политичките партии помал број кандидати за градоначалници или листи за советници во помал број општини. Телевизијата за овие четири политички субјекти (ДУИ, ДПА, Алијанса за Албанците и Беса) имаше приближно еднаков третман во своите изданија вести при што беше одвоено приближно еднакво време за следење на нивните изборни активности. Според одвоениот простор во анализираните прилози застапеноста е по следниот редослед: ДУИ (19 минути и 44 секунди), Алијанса за Албанците (18 минути и 24 секунди), ДПА (18 минути и 17 секунди) и Беса со 16 минути и 55 секунди.

Во двете анализирани изданија вести, за активностите на органите на власт, се одвоени вкупно 1 час 20 минути и 46 секунди. Доминираат прилозите поврзани со повеќе судски процеси („Монструм“, „Сопот“, „Кумановскиот случај“, „Убиството на малиот Алмир од Куманово“, судењето на напаѓачот на Р.Шеќеринска во Парламентот) и други актуелни случувања во судството (претресот во Основниот суд од страна на СЈО, контролите на Комисијата при Министерството за правда за работата на АКМИС системот и др.), па оттука и

застапеноста на субјектот „Судство" во оваа категорија, но и на СЈО Јавно обвинителство, адвокати (претставени во „други субјекти") како составен дел на прилозите поврзани со судството.

Застапеноста на Владата ја чинат прилозите поврзани со: средба Димитров-Бутарис (градоначалник на Солун), учеството на министерот Спасовски на конференција во Солун, изјави на министрите за надворешни работи на Македонија и Грција, соопштенија на МВР, став на Димитров поврзан со нашиот преговарач за името со Грција, излагањето на министерот за надворешни работи во ЕП, прослава на денот на востанието 11 октомври, одвоени средства од Владата за доизградбата на започнатите автопатишта, прес на Владата за незаконски прислушувања, спогодба Влада – комбинат Југохром, прес на Владата за нерационално трошење пари на претходната владина гарнитура и др.

Вкупното времетраење на прилозите коишто во овој извештаен период се дел од темата „други теми поврзани со изборите" е 54 минути и 42 секунди. Застапеноста на граѓанскиот сектор се должи на известувањето за активностите на невладините организации поврзани со: малиот број жени кандидати за градоначалнички или на советничките листи, можноста за гласање на лицата со оштетен вид, известувањата на „Мост" за текот на изборната кампања, злоупотреба на децата во изборните кампањи и др.

*Табела 2 – Структура на директни обраќања*

| ТВ 21 М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Судство | 00:01:32 | 2,54 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:53 | 8,11 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:44 | 2,88 | % |
| Влада на РМ | 00:03:26 | 5,70 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:45 | 2,90 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:48 | 9,63 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:55 | 8,16 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:20 | 8,85 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:54 | 6,47 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:42 | 9,46 | % |
| Други субјекти | 00:06:52 | 11,40 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:27 | 7,39 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:22 | 0,61 | % |
| Беса | 00:04:56 | 8,19 | % |
| Левица | 00:01:00 | 1,66 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:24 | 0,66 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:41 | 2,79 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:34 | 2,60 | % |
| | **Вкупно: 01:00:15** | 100 | % |

За шестте политички субјекти (ДУИ, ДПА, Алијанса за Албанците, Беса, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Коалицијата предводена од СДСМ) за чиишто кампањи информира во најголем дел од прилозите поврзани со активностите на учесниците во изборниот процес, телевизијата одвои приближно еднакво време за директни обраќања. Временската застапеност се движи од 3 минути и 54 секунди за Коалицијата предводена од СДСМ, 4 минути и 56 секунди за Беса, до 5 минути и 48 секунди за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. За единствената вонпарламентарна партија за која известува медиумот

(Левица), одвоена е 1 минута за директни обраќања. Временски субјектите кодирани како „други субјекти" добиле можност за поголема застапеност кај директните обраќања, 6 минути и 52 секунди.

И во овој втор извештаен период од изборната кампања, медиумот речиси воопшто не емитуваше директни обраќања на кандидатите за градоначалници и советници во дневно-информативните емисии емитувани во 23:00 часот.

*Посебни информативни емисии*

*Интервјуа*

На 10 октомври е емитуван разговор во рамки на емисијата „Клик плус" со кандидатот за градоначалник на Струга од Беса, Љавдрим Елмази. Емисијата била замислена како дебатна, биле поканети и кандидатите Зијадин Села од Алијанса за Албанците и Рамиз Мерко од ДУИ, но не дошле на дебатата. Разговорот е репризиран наредниот ден.

На 13 октомври во емисијата „10 минути" е емитуван разговор со Самет Шабани, автор на изборна алатка за проверка на податоци.

*Дебати*

Сите дебатни соочувања на кандидатите за градоначалници на програмата на ТВ 21 М се реализирани во рамки на емисијата „Клик плус".

На 5 октомври е емитувано репризно издание на емисијата од претходниот ден, со кандидатите за градоначалник на општина Сарај – Блерим Беџети од ДУИ, Башким Бакиу од Беса, Екрем Алија од Алијанса за Албанците, Сефедин Салиу од ДПА.

Истиот ден (5 октомври) се емитувани две дебатни соочувања. Едната дебата во „Клик плус" е со дел од кандидатите за градоначалник на Битола: Наташа Петровска од Коалицијата предводена од СДСМ и со независните кандидати Кирчо Ташков и Јорго Огненовски. Дебатата е репризирана наредниот ден.

Втората дебата од 5 октомври е со кандидатите за градоначалник на општина Липково – Еркан Арифи од ДУИ, Беким Афузи од Алијанса за Албанците, Бардил Дестани од ДПА и Шабан Дестани од Беса.

На 6 октомври, гости во студиото на ТВ 21 М се кандидатите за градоначалник на Куманово: Максим Димитриевски од Коалицијата предводена од СДСМ, Башким Османи од Алијанса на Албанците, Бесник Мемеди од ДПА, Дритон Сулејмани од Беса. Бил поканет и кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, но тој не дошол. Дебатата е репризирана наредниот ден.

Втората дебата од 6 октомври е со кандидатите за градоначалник на општина Теарце. Во студиото на телевизијата дебатираа Исен Асани од ДУИ, Невзад Велиу од Алијанса за Албанците, Рухан Иљази од ДПА и Амир Елези од Беса. Репризирана е на 7 октомври.

На 10 октомври дебатата беше помеѓу кандидатите за градоначалник на Гостивар – Сабајдин Изери од ДПА, Шпат Исени од Коалиција Алијанса за Албанците, Невзат Бејта од ДУИ, Арбен Таравари од Алијанса на Албанците и Асаф Адеми од Беса. Соочувањето е репризирано наредниот ден.

Две дебатни соочувања се емитувани на 11 октомври. Во првото издание на „Клик плус" гости се кандидатите за градоначалник на Чаир: Висар Ганиу од ДУИ, Фарук Абдиу од Алијанса за Албанците, Зеќирија Ибрахими од Беса и Идриз Орана од ДПА. Во второто издание на емисијата своите ставови ги сопоставуваат кандидатите за градоначалник на општина Центар од коалициите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, Дејан Јовановски и Саша Богдановиќ, и кандидатот на Левица, Александар Митров. Двете дебатни изданија се репризно емитувани наредниот ден.

Едното издание на „Клик плус" од 12 октомври беше со кандидатите за градоначалник на Тетово – Билал Касами од Беса, Бардул Даути од ДПА, Аднан Незири од Алијанса за Албанците. Била поканета и Теута Арифи од ДУИ, но не присуствува на дебатата. Втората дебата беше со кандидатите за градоначалник на општина Бутел. Дебатираа Велимир Смилевски од Коалицијата предводена од СДСМ, Едмонд Мифтари од ДПА и Насер Цури од Беса. Иако поканет, на дебатата не присуствуваше кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Двете дебатни емисии се репризираа на 13 октомври.

Последниот ден од изборната кампања исто така, беа реализирани две дебати – првата со политичките аналитичари Ермира Мехмети и Фатмир Битиќи, за текот на изборната кампања. Втората дебата беше меѓу кандидатот за градоначалник на Град Скопје од редовите на Коалицијата предводена од СДСМ, Петре Шилегов, и политичките аналитичари Сашо Клековски, Љупчо Зиков и Мартин Пашовски. Поканет бил и кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, но не одговорил на поканата.

*Актуелно-информативни програми*

Во рамки на извештајниот период емитувани се шест изданија на информативната емисија „10 минути". Две од изданијата беа поврзани со изборниот процес. Во едниот случај беше пренесен дел од прес-конференција на невладината организација „Цивил" во врска со изборите, а во второто издание беа пренесени изјавите на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на „Цивил" и на ЗНМ поврзани со изборниот процес.

Другите изданија на емисијата се однесуваа на: судскиот случај „Монструм" – гости беа истражниот судија Владимир Туфегџиќ и правниот експерт Осман Кадриу; беше пренесена изјава на министерот за надворешни работи на Грција, Никос Коѕијас, во врска со спорот за името меѓу двете земји; беа пренесени изјави на адвокатите Вулнет Пачуку и Насер Рауфи за судскиот случај „Сопот"; доделувањето на наградите 11 октомври во Собранието на РМ.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4590 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ Шења ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Шења ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на албански, турски и на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се изданијата на вестите од 18:55 часот и изданието по 23:30 часот.

*Дневно-информативни емисии*

За анализа се земени вкупно 5 часа 52 минути и 33 секунди, информативни и аналитички новинарски прилози емитувани во периодот од 5 до 13 октомври 2017 година, во рамките на ТВ дневниците од 18:55 часот и од изданието по 23:30 часот. Стандардизирани по жанр (извештај) и по времетраење (просечно - 1 ипол / 2 ипол минути), прилозите од ТВ дневниците исклучиво одвоени за формите на изборната кампања (митинзи и средби со граѓани) опфатија цели 2 часа, релативно рамномерно распоредени по учесниците во изборната кампања, имајќи ги предвид пред сè бројот на потврдените кандидатски листи, организациските размери на изборното претставување и преференците на публиката на ТВ Шења.

Голем број долги прилози, посредно поврзани со изборното претставување бидејќи не произлегоа од споменатите формално организирани изборни настапи, ТВ Шења оформи како извадоци со политички поенти искажани од кандидатите за градоначалници презентирани во дебатната емисија - „Отворено студио". Поради можноста – нереално, да се одразат како – дисбаланс во известувањето за учесниците во изборната кампања, тие прилози беа евидентирани во статистичката целина – „Други теми поврзани со изборите", затоа што партијата ДУИ постојано, своеволно и отворено ги игнорираше поканите на ТВ Шења за јавно соочување со противкандидатите и со ТВ публиката сфатена како потенцијално гласачко тело. Оттаму, во овој статистички сегмент, (најчесто) минутажите за Беса, за Алијансата на Албанците и за ДПА, при што, минутажата за Беса предничи бидејќи во оваа тематска целина се бележени и нејзините континуирани реакции за можни изборни нерегуларности, или по некој друг повод поврзан со изборниот процес (- *закани по живот врз нивни кандидат за градоначалник на Општина Сарај; меѓупартиска декларација за фер избори во Сарај; партиски протести на Беса против Заев во с. Речица; партиски обвинувања за корупција на изборниот процес во Општина Чаир, односно - коалициските партнери ДУИ и СДСМ наводно злоупотребувале приватна електронска пошта и прислушкувале телефонски разговори на членови на Беса).*

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:32:03 | 32,83 | % |
| Други субјекти | 00:27:08 | 27,79 | % |
| Судство | 00:20:57 | 21,46 | % |
| Специјално обвинителство | 00:10:41 | 10,94 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:25 | 3,50 | % |
| Локална самоуправа (ДПА) | 00:03:24 | 3,48 | % |
| | **Вкупно за тема - 01:37:38** | **100** | **%** |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:20:37 | 100,00 | % |
| | **Вкупно за тема - 00:20:37** | **100** | **%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Без субјекти | 00:09:36 | 9,29 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:55 | 2,82 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:55 | 2,82 | % |
| Беса | 00:26:37 | 25,75 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:59 | 6,75 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:45 | 6,53 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:07:27 | 7,21 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:00 | 6,77 | % |
| Други субјекти | 00:24:12 | 23,41 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:12 | 1,16 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:12 | 1,16 | % |
| Влада на РМ | 00:01:03 | 1,02 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:57 | 0,92 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:33 | 4,40 | % |
| | **Вкупно за тема - 01:43:23** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Беса | 00:19:21 | 16,06 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:24:46 | 20,56 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:19:29 | 16,18 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:20:46 | 17,24 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:19:17 | 16,01 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:16:48 | 13,95 | % |
| | **Вкупно за тема - 02:00:27** | **100** | **%** |
| **Коментари/ставови** | | | |
| Други субјекти | 00:10:28 | 100,00 | % |
| | **Вкупно за тема: 00:10:28** | **100** | **%** |
| | **Вкупно - 05:52:33** | | |

И во овој период од набљудувањето на дневното известување за актуелни општествено-политички теми – „судството“ - беше меѓу најобработуваните теми за информативната редакција на ТВ Шења. Интересот, во оваа смисла, најчесто беше свртен не само кон поединечните, актуелни процеси што ги води Специјалното јавно обвинителство последователно на аферата „Прислушкување“, туку и на процесите во прилог на заложбите за реформа на судскиот систем, воопшто. На пример, значајна тема беше ревизијата на поделбата судски предмети во Кривичниот суд, според автоматизираниот систем АКМИС. Континуираниот, повеќемесечен интерес на ТВ Шења, пак, за одредени судски случаи, дополнително ја зголеми статистиката за ставката „судство“, односно, на пример, медиумот ги следеше одгласите по одлуката за ревизија на пресудата за случајот „Монструм“, посебно барањето на засегнатите страни - случајот да не се политизира во изборната кампања, што, од друга страна, резултираше со зголемена статистика за непосредните реакции на „други субјекти“ – осудени, обвинети, нивните роднини и правните застапници.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:07:17 | 6,80 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:50 | 1,71 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:14:01 | 13,08 | % |
| Беса | 00:18:40 | 17,42 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:12:47 | 11,93 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:15 | 6,77 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:08:31 | 7,93 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:06 | 11,29 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:15 | 2,10 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:28 | 4,17 | % |
| Други субјекти | 00:07:31 | 7,02 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:47 | 3,53 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:30 | 5,13 | % |
| Локална самоуправа (ДПА) | 00:01:10 | 1,09 | % |
| | **Вкупно - 01:47:08** | **100** | % |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

ТВ Шења, и во завршниот дел од изборниот процес – од 5 до 13 октомври 2017 година, дебатите ги организираше во емисијата „Отворено студио“, трудејќи се да бидат застапени политичките соперници активни во изборната кампања, но и натаму, партија ДУИ ги игнорираше нејзините покани за телевизиско, јавно соочување. На 5 октомври, се водеше дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Општината Сарај: Екрем Алија од Алијансата на Албанците, Сефедин Алиу од ДПА, и Башким Бакиу од Беса. Специфика на дебатата од 9 октомври, организирана меѓу кандидатите за градоначалник на Скопје, беше тоа што - Коце Трајановски, кандидатот на ВМРО ДПМНЕ и сè уште активен градоначалник на главниот град, и Петре Шилегов, кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ, беа претставени преку одделни интервјуа, додека формата на дебата се задржа меѓу Нафије Селмани од БЕСА, Беким Фазлиу од ДПА, и Наим Бајрами од Алијансата на Албанците. Во делот на интервјуата, и Трајановски и Шилегов, секој поединечно, беа соочени со новинарски контекстуализиран аудиовизуелен материјал што послужи како аргумент против нивните урбанистички или политички тврдења, проекции и ветувања. Конкретно, при интервјуто со Трајановски беа емитувани снимки од урбанистичката запоставеност на одредени делови од т.н. „лев брег“ на реката Вардар, а при интервјуто со Шилегов, беа емитувани архивски аудиовизуелни материјали како сведоштво за т.н. „непринципиелна коалиција“ меѓу ДУИ и СДСМ. Инсистирањето на ваквиот новинарски пристап претставуваше консеквентно продолжение на нагласените критички уредувачки коментари што ТВ Шења ги емитуваше во повеќемесечен континуитет низ повеќе фази од изборниот процес. На 10 октомври, последната дебата ги соочи кандидатите за градоначалник на Гостивар - Арбен Таравари од Алијансата на Албанците, и Асаф Адеми од БЕСА, додека кандидатот од ДПА известил оти од објективни причини нема да присуствува. Принципиелно, водителот на дебатата ги прочита и петте планирани прашања за Невзат Бејта, кандидатот на партијата ДУИ.

7. Опис на прекршувањето: /

8. Предлог-мерка: /

*Сектор за програмски работи*

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 19.10.2017

| Единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4591 | 1 | |


1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 19 и во 22 часот (Обсервер и Дневен бриф на Нова).

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози достигна 7 часа 36 минути и 26 секунди, најмногу од нив по жанр извештаи, потоа изјави, вести, коментари и осврти (27 минути и 46 секунди) и неколку куси интервјуа (со судијата Владимир Панчевски, претседателот на ДИК Александар Чичаковски, режисерот Љубиша Ѓеоргиевски).

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ НОВА<br>Тема | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | | |
| Специјално обвинителство | 00:07:35 | 5,31 | % |
| Други субјекти | 00:14:58 | 10,49 | % |
| Влада на РМ | 00:50:25 | 35,33 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:00 | 0,70 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:48 | 11,77 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:18:59 | 13,30 | % |
| Без субјекти | 00:03:53 | 2,72 | % |
| Претседател на РМ | 00:07:31 | 5,27 | % |
| Судство | 00:09:53 | 6,93 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:19 | 3,73 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:36 | 1,12 | % |
| АРМ | 00:01:36 | 1,12 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:16 | 0,89 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:52 | 1,31 | % |
| Вкупно за тема: | 02:22:41 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:07:33 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:07:33 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Други субјекти | 00:26:26 | 24,96 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:04 | 6,67 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:13 | 2,09 | % |
| Левица | 00:02:13 | 2,09 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:32 | 10,89 | % |
| Влада на РМ | 00:12:35 | 11,88 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:37 | 5,30 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:01 | 3,79 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:47 | 18,68 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:10 | 1,10 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:40 | 10,07 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:18 | 1,23 | % |
| Судство | 00:01:18 | 1,23 | % |
| | Вкупно за тема: 01:45:54 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:16:17 | 44,21 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:08:21 | 39,62 | % |
| Беса | 00:14:33 | 8,43 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:02:50 | 1,64 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:33 | 0,90 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:26 | 1,41 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:06:32 | 3,79 | % |
| | Вкупно за тема: 02:52:32 | 100 | % |
| **Коментари/ставови** | | | |
| | Вкупно за тема: 00:27:46 | 100 | % |
| | **Вкупно: 07:36:26** | | |

Како што покажува распоредот на времето по теми и субјекти дадено во Табела 1, и во вториот извештаен период од мониторингот, ТВ Нова продолжи интензивно да известува за кампањата за Локалните избори 2017 година, на која отпаѓаат 2 часа и 52 ипол минути, односно нешто помалку од половина од вкупното анализирано време. Во центарот на овие извештаи остануваат коалициите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ кои имаат најмногу листи со кандидати за градоначалници и за советници, кои за своите кампањски активности добија речиси еднакво време. Квалитативно погледнато - третманот беше ист - во првите вести имаше јавување на репортер во живо, во вторите - снимки од обраќањата во вечерните митинзи, со речиси еднакво време за директни обраќања (Табела 2). Во прилозите редовно имаше делови од обраќањата на лидерите на двете партии и на градоначалничките кандидати за градот во кој се одржуваше митингот. Редовно имаше прилози со изјави од градоначалничките кандидати за Скопје од двете коалиции, како и од други нивни кандидати, кои дента имале активности или изјави. За другите партии има многу малку време, со тоа што најмногу има за Беса што во дел се должи на прилозите за заканите што ги добивале нивните челници.

Всушност, ТВ Нова за изборите пошироко известуваше од аспект на инциденти, тврдејќи како што се вели во еден од прилозите, дека станува збор за „според познавачите, насилни инциденти во кампањата каква што Македонија немала подолг низ изборни циклуси". На пример во коментаторскиот извештај „Насилство го следи изборниот процес" (4 минути и 50 секунди) по повод починувањето на независниот кандидат за градоначалник на Кичево Алит Абази, се емитуваше обвинување од ВМРО ДПМЕН, повик од МВР и ДИК за смирување и потоа медиумот се навраќа на изборните инциденти во Кондово во 2008 година и на настани од деведесеттите години. Во прилогот за објавувањето на првиот извештај на ОБСЕ/ОДИХР се потенцира дека во него го нема случајот со Абази. Следниот коментаторски извештај е „ОБСЕ/ОДИХР се интересира за инцидентите" (3 минути и 12 секунди) за средбата на претставници на ОБСЕ/ОДИХР со Иван Стоиљковиќ кој пријавил инциденти во Старо Нагоричане додека од МВР тврдат дека нема такви инциденти.

Притоа медиумот коментираше дека домашните и странските набљудувачки мисии оценуваат оти кампањата се одвива релативно мирно, но дека е забележително оти домашните набљудувачи „го изземаат инцидентот со смртни последици во Кичево, повикувајќи се на оценките од МВР".

На оваа тема беше посветен и освртот „Дали инцидентите ги исплашија граѓаните да одат на митинзи" (2 минути и 29 секунди) во кој се анализираше дека битката за гласачи се префрли на социјалните мрежи при што за слабата посетеност на митинзите се консултира и експертски став околу промените кај гласачкото тело, а медиумот ја поставува дилемата од телопот за тоа дали причина е стравот од инциденти.

На последниот ден пред молкот беше емитуван и освртот „Завршува тензичната кампања, од полноќ молк" (2 минути и 27 секунди) за тоа дека, во текот на кампањата, партиите давале повеќе државни ветувања отколку локални и уште еднаш беа наброени инцидентите.

И во вториот извештаен период, ТВ Нова емитуваше коментар посветен на т.н. фантомски гласачи во Избирачкиот список. Во „Ниту трага од „фантоми": ОБСЕ и ДИК не најдоа забелешки на Избирачкиот список" (1 минута и 58 секунди) беше наведено дека ДИК и ОБСЕ констатирале оти Избирачкиот список е подготвен за Локалните избори спротивно на минатогодишните тврдења од страна на СДСМ. Медиумот критикуваше дека: „Ниту странците, ниту пак сегашната власт, која како тогашна опозиција бараше намалување на бројот на гласачи, сега немаат забелешки за бројот на запишани гласачи. Претседателот на ДИК, во интервјуто за РСЕ рече дека степенот на точност на податоците зависел од степенот на точност кои доаѓаат од релевантните институции".

*Табела 2 – Структура за директните обраќања*

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:55:45 | 30,28 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:03:20 | 1,81 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:55 | 2,13 | % |
| Влада на РМ | 00:09:50 | 5,34 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:38 | 2,52 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:50:02 | 27,17 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:37 | 3,59 | % |
| Други субјекти | 00:17:13 | 9,35 | % |
| Левица | 00:01:36 | 0,87 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:48 | 0,43 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:57 | 1,06 | % |
| Беса | 00:05:26 | 2,95 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:45 | 4,75 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:16 | 1,23 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:45 | 0,41 | % |
| Судство | 00:04:48 | 2,61 | % |
| АРМ | 00:00:40 | 0,36 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:19 | 2,34 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:28 | 0,80 | % |
| | **Вкупно: 03:04:08** | **100** | **%** |

И во овој период, Телевизијата продолжи да го обработува прашањето на односите на Македонија со соседите.

Од средбата на Никола Димитров и Никос Коѕијас, и шефовите на дипломатиите на Албанија и Бугарија, во Солун, известуваше репортер. На македонско-грчките односи беше посветен осврот „Коѕијас најавува ревизија на учебниците по историја" (2 минути и 11 секунда) во кој беше пренесено интервју на Коѕијас за грчката ЕРТ, според кое грчкиот шеф на дипломатијата најавил дека на 4-ти ноември ќе започне да работи мешовита грчко-македонска комисија која ќе прави ревизија на македонските учебници за иредентизам. Беше пренесено дека Димитров негирал оти се разговарало за ова прашање туку за односите помеѓу Македонија и Грција и политиките во регионот. Следуваше коментар, како продолжение на претходниот прилог, во кој прашањето, „Кој спинува Коѕијас или Димитров?" (3 минути и 5 секунди) го разгледува новинарот на ТВ Нова Христо Ивановски. На оваа тема е и коментаторскиот извештај „Институтот за национална историја не верува дека ќе има ревизија на учебниците" (3 минути и 49 секунди) во кој се повторуваат веќе објавените информации, а потоа се пренесува ставот на професор од Институтот за македонска историја дека треба да се разговара, но не под диктат на политиката. Прашањето за преговорите со Грција е во фокусот и на извештајот „За името по изборите" кој се однесуваше на учеството на министерот за надворешни работи Никола Димитров на Комитетот за надворешни работи во Европскиот парламент, при што се потсетува на постарите изјави на Коѕијас, премиерот Зоран Заев и посредникот во спорот за името Метју Нимиц.

На односите со соседите се однесува и коментаторскиот извештај „Првиот бугарски академик тврди дека во Македонија има повеќе од еден милион Бугари" (2 минути и 10 секунди) во кој освен новата информација се повторуваат и изјавите на бугарскиот министер за одбрана Красимир Каракачанов и на некои бугарски пратеници (дадени во август). Билатералата е тема и на коментарот „Тирана призна бугарско малцинство во Албанија" (3 минути и 1 секунда) каде се говори за тоа дека во законот за малцинства во Албанија се признава и бугарско малцинство, како резултат на притисок од Бугарија. Се пренесуваат реакциите од Македонска алијанса за европската интеграција, СМК и македонското друштво Илинден од Тирана и се оценува дека „ова е уште една провокација од истокот по потпишувањето на договорот за добрососедство со Македонија и Бугарија, која македонските власти пропуштаат да ја забележат". Потоа се потсетува на ставот на првиот човек на бугарската академија за науки и уметности посочен погоре.

Од темите за кои, во овој период, ТВ Нова повеќепати извести, се издвојуваат и следниве:

Информациите за проблемите на Клинички центар – особено на клиниките за детски болести и за гинекологија (и за спроведениот инспекциски надзор и дисциплински постапки таму), при што има и дел од интервју со докторка од гинекологија за причините за смртноста на бебињата.

Има неколку прилози за информации од Државниот завод за статистика за пад на градежните активности и за намален број на градежни работници, како и за масовно иселување на младите од Македонија, а неколку дена последователно се повторуваше информацијата за новото задолжување на државата.

При известувањето за истрагата на СЈО во канцеларијата и домот на судијата Владимир Панчевски, повеќепати се емитуваше и кус дел од интервју со поранешниот министер за правда Михајло Маневски, според кого СЈО повеќе законски нема право да покренува какви било постапки. Имаше интервју и со судијата Панчевски.

Посебни информативни емисии

Интервјуа

Во периодот од 5 до 13 октомври ТВ Нова ги емитуваше следниве интервјуа:

- „Улогата на ОБСЕ во Локалните избори во Македонија", интервју со Одри Гловер – шефица на набљудувачката мисија на ОБСЕ во Македонија (премиера на 5 октомври, до започнување на изборниот молк се емитувани седум репризи);
- „Култура со цензура или хајка против уметноста?", интервју со актерката и продуцентка Лабина Митевска (премиера на 9 октомври, реприза на 10 октомври);
- „Политиката во културата: Слободата е состојба помеѓу два режима", интервју со режисерот Љубиша Георгиевски (премиера на 9 октомври, репризи на 10 октомври);
- „Локални избори 2017", интервју преземено од регионалната телевизија Канал Еден со кандидатот за градоначалник на општина Велес од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ Славчо Чадиев. (премиера на 10 октомври, реприза на 11 октомври);
- „Локални избори 2017", уште едно преземено интервју од телевизијата Канал Еден, интервју со Аце Коцевски, кандидат за градоначалник на општина Велес од Коалицијата за живот во Македонија (премиера на 11 октомври, реприза на 12 октомври).

За време на овој извештаен период емитувани беа и неколку репризи од интервјуто на тема „Културата во филм" со поранешната министерка за култура Елизабета Канческа Милевска, кое премиерно беше прикажано во првите 10 дена од изборната кампања.

Актуелно информативни емисии

На 5 октомври во 14 часот и 25 минути, ТВ Нова емитуваше директно вклучување од прес-конференцијата на квадрилатералниот министерски состанок одржан во Солун на кој свое обраќање кон јавноста имаше грчкиот министер за надворешни работи, Никос Коѕијас. На овој состанок учествуваше и владина делегација на Република Македонија, предводена од министерот за надворешни работи Никола Димитров.

Од 5 до 13 октомври, емитувани беа шест изданија на актуелно-информативната програма *„Бумбар"*, изведена како контактна емисија со директни телефонски јавувања и комуникација преку социјалната мрежа Фејсбук. Емисијата е така конципирана што гледачите гласаат со бел или црн бумбар на две зададени теми, зависно од тоа дали имаат позитивен или негативен став за нив. Премиерното издание на емисијата Бумбар е во 18 часот, од понеделник до петок, со една редовна реприза околу 3 часот по полноќ. Темите за кои граѓаните можеа да го искажат својот став беа:

- *„Коѕијас – Димитров: Не треба да се плашиме од компромиси", „Укината државната награда 23 октомври"* (премиера на 5 октомври, реприза на 6 октомври);
- *„Изборните инциденти продолжуваат", „Димитров: Позитивен пристап во преговорите со Грција"* (премиера на 6 октомври, реприза на 7 октомври);
- *„Македонија пред рецесија", „Театар Комедија ги укинува билетите за студентите"* (премиера на 9 октомври, реприза на 10 октомври);
- *„Лабина Митевска обвини дека се соочува со цензура", „Димитров пред ЕП ги презентираше реформите во Македонија"* (премиера на 10 октомври, реприза на 11 октомври);

- *„Во првите три месеци реализирани сите мерки од планот 3-6-9"*, *„Владата си отвори можност да се задолжува повеќе на домашниот пазар"* (премиера на 11 октомври, реприза на 12 октомври);
- *„Протест кај Иванов, за одземање на мандатот на Заев"*, *„Манојловски: Легализацијата на геј-браковите за 6-12 месеци"* (премиера на 12 октомври, реприза на 13 октомври).

*Дебати*

Во периодот од 5 до 13 октомври, ТВ Нова продолжи да ја емитува дебатната емисија *Отворено студио* во редовниот термин во 20 часот и 30 минути. Новитет за овој извештаен период е емисијата *Локални избори*, во која преку дебата медиумот се обиде да и ги претстави на јавноста кандидатите за градоначалници за претстојните Локални избори. За време на овој извештаен период, беа пренесени и неколку дебати кои биле спроведени на други регионални телевизии. Поради неможност да присуствуваат во студиото или пак поради други причини, предвидените дебати помеѓу кандидатите за градоначалници на општините Свети Николе, Штип, Куманово и Карпош беа реализирани како интервјуа.

- Во „Отворено студио" на тема *„Локални избори 2017"* гостуваше кандидатот за градоначалник на општина Свети Николе од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ Зоран Тасев. Предвидената дебата на која бил поканет и Сашко Василевски, кандидатот од Коалицијата предводена од СДСМ, се реализираше како интервју со Зоран Тасев (премиера на 5 октомври, реприза на 6 октомври);

- На тема *„Локални избори 2017"* ТВ Нова ја емитуваше дебатата помеѓу кандидатите за градоначалници на општина Охрид која беше реализирана во студиото на регионалната телевизија О2 од Охрид. На ова дебата присуствуваа Митко Тилевски од Коалицијата за подобра Македонија, Јован Стојаноски од Коалицијата за живот во Македонија и Стевче Стевоски, независен кандидат за градоначалник на општина Охрид. (премиера на 6 октомври, реприза на 7 октомври);

- *„Младите порачуваат – и јас гласам!"*, беше тема на дебатата во Отворено студио на која гостуваа претставничките од невладините организации МОФ и Граѓански концепт, Стефани Спировска и Афродите Муслиу (премиера на 10 октомври, реприза на 11 октомври);

- *„Локални избори 2017"*, издание на Отворено студио кое беше предвидено да биде реализирано како дебата помеѓу кандидатите за градоначалник на Општина Штип, но поради отсуството на кандидатот на Коалицијата за живот во Македонија Благој Бочварски, емисијата беше реализирана како интервју со Илчо Захариев, кандидат за градоначалник од Коалицијата за подобра Македонија (премиера на 11 октомври, реприза истиот ден на полноќ);

- *„Дојде ли живот во културата?"*, издание на Отворено студио во кое гостуваа актерите Арна Шијак и Роберт Вељановски. Во студиото биле поканети и претставници на новите раководства на театрите во земјава, но тие одбиле да дојдат поради други планирани обврски (премиера на 12 октомври, реприза на 13 октомври);

- *„Локални избори 2017"*, издание на дебатна емисија во која било предвидено своите програми да ги претстават сите кандидати за градоначалник на Општина Куманово. Во студиото присутен беше само кандидатот Зоран Ѓорѓиевски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (премиера на 13 октомври во 16 часот);

- *„Локални избори 2017"* дебата преземена од ТВ Мега во која гостуваа кандидатите за градоначалници на општина Битола: Зоран Илиоски, кандидатот за градоначалник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и двајцата независни кандидати за градоначалници Јорго Огненовски и Кирчо Ташков. Кандидатката на СДСМ Наташа Петровска била поканета но не учествува во дебатата поради поклопување со други активности (премиера на 13 октомври во 17:30 часот);

- *„Локални избори 2017"*, предвидената дебатна емисија со кандидатите за градоначалници на општина Карпош, беше реализирана како интервју со Стевчо Јакимовски, кандидатот за градоначалник од партијата ГРОМ (премиера на 13 октомври во 20 часот).

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:
**д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4592 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на албански и на македонски јазик, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се две изданија на Вестите, во 18 часот и 45 минути и во 22 часот (дел од нив емитувани и по 23 часот поради емитуваните дебатни емисии).

*Дневно-информативни емисии*

Во вториот деветдневен извештаен период од изборната кампања, опфатени се вкупно осумнаесет изданија на Вестите, девет дневно-информативни емисии емитувани во терминот од 18 часот и 45 минути и исто толку изданија од Вестите емитувани по 22 часот.

Вкупното времетраење на анализираните прилози во посочените изданија вести е 5 часа 52 минути и 41 секунда.

*Табела 1: Структура на теми по субјекти*

| ТВ Арт Чаннел | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Судство | 00:19:56 | 29,54 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:15 | 6,30 | % |
| Влада на РМ | 00:13:35 | 20,13 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:34 | 2,32 | % |
| Други субјекти | 00:16:02 | 23,76 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:51 | 4,22 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:56 | 7,31 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:00 | 1,48 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:20 | 4,94 | % |
| Вкупно за тема: | 01:07:29 | 100 | % |
| **Активности на ДИК и други органи** | | | |
| ДИК и други органи | 00:11:47 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:11:47 | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:30:44 | 25,26 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:16 | 10,08 | % |
| Беса | 00:09:54 | 8,14 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:10:47 | 8,86 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:02:17 | 1,88 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:12 | 0,99 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:24 | 1,97 | % |
| Левица | 00:00:38 | 0,52 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:48 | 5,59 | % |
| Влада на РМ | 00:04:36 | 3,78 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:12 | 6,74 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:58 | 2,44 | % |
| Без субјекти | 00:07:20 | 6,03 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:34 | 7,86 | % |
| Независни кандидати | 00:01:14 | 1,01 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:08 | 0,93 | % |
| Други субјекти | 00:09:39 | 7,93 | % |
| | Вкупно за тема: 02:01:41 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:35:42 | 23,53 | % |
| Беса | 00:19:09 | 12,62 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:12:54 | 8,50 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:24:46 | 16,32 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:28:13 | 18,60 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:27:59 | 18,44 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:03:01 | 1,99 | % |
| | Вкупно за тема: 02:31:44 | 100 | % |

**Вкупно: 05:52:41**

За активностите на учесниците во изборната кампања во овој деветдневен извештаен период, ТВ Арт Чаннел одвои вкупно 2 часа 31 минута и 44 секунди, или некаде околу 43% од вкупното време на анализираните прилози во вестите, реализирани преку информативните жанрови, вест и извештај (Табела 1). Речиси идентично време е одвоено за политичките коалиции од македонскиот политички блок, кои гледано меѓусебно имаа приближно еднаков број на кандидати за градоначалници и листи со кандидати за советници, за најголемиот дел од локалните самоуправи во Македонија. За активностите поврзани со изборната кампања на Коалицијата предводена од СДСМ, во вестите на телевизијата се одвоени 28 минути и 13 секунди, а за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 27 минути и 59 секунди. Во вториот корпус политички субјекти (ДУИ, Беса, ДПА и Алијанса за Албанците) коишто имаа меѓусебно гледано приближно еднаков број на кандидати за градоначалници и листи со кандидати за советите во општините, временски поизразен простор во вестите на ТВ Арт Чаннел е одвоен за Демократската унија за интеграции (35 минути и 42 секунди), а следат, според временската застапеност известувањата за теренските активности на Демократската партија на Албанците (24 минути и 46 секунди), Беса (19 минути и 9 секунди) и Алијанса за Албанците со застапеност од 12 минути и 54 секунди.

Простор од 3 минути и 1 секунда во вестите е одвоен и за активностите на Партијата за демократски просперитет.

Вкупното времетраење на прилозите коишто се дел од категоријата „други теми поврзани со избори", е 2 часа 1 минута и 41 секунда. Во оваа категорија е забележливо присуството на 10 политички субјекти учесници во изборниот процес за Локалните избори 2017 година (ДУИ, Беса, ДПА, Алијанса за Албанците, Коалиција Алијанса за Албанците, Коалиција предводена од СДСМ, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ, Левица, ПДП и независни кандидати), што се должи на практиката на медиумот во вестите да емитува

новинарски прилози во кои се користат извадоци од дебатните емисии емитувани на програмата на телевизијата, во кои учествуваа посочените политички субјекти. Вкупното времетраење на овие прилози е 48 минути и 38 секунди.

Гледано поединечно, временски најзастапени како субјект се експертите/аналитичарите, со присутност од 30 минути и 44 секунди. Во вкупно 14 прилози (во премиерното и репризното издание на вестите) им беше дадена можност да се произнесат по прашања поврзани со изборниот процес (економските платформи на партиите, изборните инциденти, злоупотреба на децата во изборните кампањи, локалните избори – тест за демократијата). Беа емитувани по два прилога во двете набљудувани изданија вести со извадоци од дебатни емисии во кои гости беа аналитичари на изборните случувања.

Во прилозите за активностите на органите на власт, најмногу време медиумот одвои за активностите поврзани со актуелните судски процеси („Монструм", „Сопот", „Дива населба", „Убиството на малиот Алмир од Куманово"), како и за другите случувања поврзани со работата на судовите (претресот на СЈО во Основниот суд Скопје 1, контролата на истиот суд од страна на Комисијата формирана од министерот за правда за проверка на АКМИС системот и др.), па поради тоа со најмногу време во оваа категорија се појавува субјектот „Судство". Дел од овие прилози поврзани со судството се и субјектите СЈО, Јавно обвинителство и други субјекти (адвокатите или засегнатите страни во судските процеси). Застапеноста на Владата се должи на известувањата за нејзините редовни активности (средба Диимитров – Kosијас, соопштенија од МВР, обраќање на министерот Димитров во ЕП, учество на министерот за надворешни работи на конференција во Будимпешта, договор Влада – Југохром и др.).

*Табела 2: Структура на директни обраќања*

| ТВ Арт Чаннел | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:11:02 | 6,14 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:33:12 | 18,46 | % |
| Беса | 00:19:48 | 11,01 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:14:44 | 8,19 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:21:56 | 12,20 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:21 | 8,54 | % |
| Влада на РМ | 00:02:28 | 1,37 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:22 | 0,76 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:22:18 | 12,40 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:22:10 | 12,33 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:14 | 0,69 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:01:32 | 0,85 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:34 | 1,98 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:06 | 2,28 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:34 | 1,43 | % |
| Независни кандидати | 00:00:44 | 0,41 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:44 | 0,96 | % |
| | **Вкупно: 02:59:49** | 100 | % |

Од вкупното времетраење на директните обраќања (2 часа 59 минути и 49 секунди), повеќе од две третини се одвоени за обраќањата на политичките субјекти застапени во анализираните прилозите на ТВ Арт Чаннел. Временски и тука повеќе простор за директни обраќања е одвоен за Демократската унија за интеграции (33 минути и 12 секунди), а потоа следува група од четири политички субјекти коишто имаат приближно еднаков третман од страна на медиумот кога се директните обраќања во прашање. Тоа се Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (22 минути и 18 секунди), Коалицијата предводена од СДСМ (22 минути и 10 секунди), ДПА (21 минута и 56 секунди) и Беса (19 минути и 48 секунди). (Табела 2).

*Посебни информативни емисии*

*Интервјуа*

Гостин во емисијата од 6 октомври „Живот во општините" бил кандидатот за градоначалник на Кичево од редовите на ДУИ, Фатмир Дехари. Емисијата првично била замислена како дебатна со двајцата кандидати за градоначалник на Кичево, но претставникот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Влатко Сајковски, иако бил поканет не присуствувал во емисијата. Разговорот е репризиран три пати, на 6, 7 и 8 октомври.

Во рамки на „Идеи и профили" од 10 октомври, е емитуван разговор со новинарот Рахим Адеми, во врска со изборниот процес. Интервјуто е репризирано наредниот ден.

На 10 октомври е репризиран разговорот со кандидатот за градоначалник на Тетово од Беса, Билал Касами, емитуван во рамки на првиот десетдневен период од изборната кампања.

На 11 октомври во рамки на емисијата „Уметност на финансиите" е емитуван разговор со универзитетскиот професор Руфи Османи, со реприза на 12 октомври.

Изданието на „Зиг Заг" од 12 октомври е со лидерот на ДУИ, Али Ахмети. Разговорот е репризиран наредниот ден.

На 13 октомври се реализирани две интервјуа, едното со лидерот на Алијанса на Албанците, Зијадин Села, во рамки на емисијата „Зиг-Заг", и второто со политичкиот аналитичар Сефер Тахири во рамки на емисијата „Во фокус".

*Дебати*

Во анализираните девет дена од вториот дел на изборната кампања, ТВ Арт Чаннел емитуваше секојдневно дебатни соочувања во рамки на некоја од следниве емисии: „Живот во општините", „Зиг-Заг", „Во фокус", и „Изборна дебата".

Првиот ден од овој втор извештаен период од изборната кампања (5 октомври) беше репризно емитувано дебатното издание на емисијата „Живот во општините" од претходниот ден со кандидатите за градоначалник на општина Сарај: Башким Бакиу од Беса, Блерим Беџети од ДУИ, Екрем Алији од Алијанса за Албанците и Сефедин Алиу од ДПА.

Во премиерното издание на истата емисија емитувана на 5 октомври дебатираа кандидатите за градоначалник на Гостивар: Невзат Бејта од ДУИ, Арбен Таравари од Алијанса за Албанците, Асаф Адеми од Беса, Себадин Изаири од ДПА, Шпат Исени од Коалицијата Алијанса на Албанците. Била поканета и кандидатката за градоначалник од редовите на ВМРО ДПМНЕ, Дафина Стојановска, но таа не се одзвала на поканата. Дебатата е репризирана истиот ден и на 6 октомври.

Во рамки на емисијата „Зиг-Заг" од 5 октомври, гости беа политичките аналитичари Алајдин Демири и Џелал Незири. Репризирана е еднаш наредниот ден.

Дебатната емисија од 6 октомври „Во фокус" е со политичките аналитичари Алберт Муслиу и Аријанит Џафери и истата е репризирана наредниот ден.

Изданието на „Живот во општините" од 7 октомври е со кандидатите за градоначалник на Дебар – Ружди Љата од ДУИ, Арбен Аголи од Алијанса за Албанците, Шклќим Џафа од Коалиција Алијанса за Албанците и Џемаил Чупи од Беса. Бил поканет и кандидатот на ДПА, Петрит Клења, но тој го откажал учеството во дебатата. Емисијата е репризирана истиот ден.

„Изборна дебата" од 8 октомври е реализирана со кандидатите за градоначалник на општина Теарце: Исен Асани од ДУИ, Амир Елези од Беса и Руан Иљази од ДПА. Бил поканет и Невзат Велиу од Алијанса за Албанците, но не присуствувал. Дебатата е два пати репризирана, истиот и наредниот ден.

На 9 октомври гости во студиото на ТВ Арт Чаннел во „Изборна дебата" беа кандидатите за градоначалник на општина Желино од редовите на ДУИ, Беса, ДПА и Алијанса за Албанците – Фатмир Изаири, Блерим Сејдиу, Сали Аједини и Решат Алиу. Дебатата е репризирана истиот и наредниот ден.

Во изданието на „Изборна дебата" од 10 октомври гостуваа кандидатите за градоначалник на општина Боговиње: Берзах Бејтулаху од ДУИ, Мунир Асани од Беса, Албон Џемаили од Алијанса за Албанците и Веби Џемаили од Коалицијата Алијанса за Албанците. Кандидатот на ДПА, Елвер Исени, кој бил во студиото, решил да не учествува во дебатата. Емитувани се две реприզи, истиот и наредниот ден.

На 11 октомври „Изборна дебата" беше реализирана со кандидатите за градоначалник на општина Брвеница – Енвер Пајазити, независен кандидат и Селајдин Јусуфи од Беса. Репризирана е два пати, истиот ден и на 12 октомври.

Кандидатите за градоначалник на општина Врапчиште, Исен Шабани од Алијанса за Албанците и Сами Алиу од ДПА, дебатираа на 12 октомври во рамки на „Изборна дебата". Биле поканети и кандидатите на ДУИ и Беса, но не се одзвале на поканата. Емисијата е еднаш репризирана.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4593 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на членот 75, ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупноемитуваната програма на радиодифузерот, а од дневноинформативните емисии анализирани се вестите во 17 и во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Анализата ги опфати изданијата на ТВ дневниците од 17 и од 20 часот, емитувани во периодот од 5 до 13 октомври 2017 година. Методолошки, од вкупното времетраење на овие дневноинформативни целини, за анализа беа издвоени – 8 часа 8 минути и 4 секунди.

Во финалниот период од официјалната кампања, информативната редакција на ТВ 24 вести го смени досегашниот – реактивен, последователен, конвенционален пристап кон (активностите на) учесниците во изборната кампања, односно: наместо преку вести и извештаи, *пост фестум* да го следи темпото и формите на изборното претставување, и на тој елементарен новинарски начин да прави напори секојдневно да извлекува изборни политички поенти што и онака, независно од разликите на локалните состојби и потреби, беа воопштени и сè одново се повторуваа, ТВ 24 примени проактивен пристап – преку интервјуа / разговори портретираше некои од кандидатите за градоначалници, а портретите ги вклопи во целина на политичка репортажа, со што се обиде да ја демистифицира агитациската структура вклучена во конкретниот политички проект. Ваквиот пристап беше применет за градоначалничките кандидати од поголемите скопски општини и од неколку градови од централна и од источна Македонија, а забележливо беше дека одредени учесници во кампањата ја одбиваа дури и оваа телевизиска форма за презентација, па Телевизијата, поради објективност во прикажувањето на нивните изборни заложби, како алтернатива беше принудена да користи нивни архивирани политички настапи. Формалните облици редовно новинарско известување од кампањата – митинзи, средби со граѓани, промоција инфраструктурни или социјални проекти -, ТВ 24 ги реализираше преку збирни новинарски извештаи во кои, медиумски рамноправно, беа сопоставени изборните ветувања на политичките соперници со најголем број верификувани кандидатски листи за локалните самоуправи од целата држава. И во овој, завршен период од известувањето за облиците на изборната кампања, за кој Телевизијата вкупно издвои – 1 час 6 минути и 53 секунди, доминираа целосно изедначените информативни паралели помеѓу Коалицијата предводена од СДСМ и Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Како контраст на партиските / коалициските изборни блокови, ТВ 24 вести, преку интервју ги прикажа ставовите и изборните очекувања на Сашо Андоновски, носителот на независна кандидатска листа за градоначалник на Пробиштип.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | | | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 01:02:15 | 21,24 | % |
| Специјално обвинителство | 00:15:52 | 5,41 | % |
| Јавно обвинителство | 00:25:15 | 8,61 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:29 | 2,21 | % |
| Други субјекти | 00:46:58 | 16,02 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:18 | 3,17 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:14:11 | 4,84 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:51:24 | 17,54 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:43 | 4,68 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:35 | 0,20 | % |
| Судство | 00:30:20 | 10,35 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:09:19 | 3,18 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:25 | 0,48 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:39 | 1,59 | % |
| Беса | 00:01:24 | 0,48 | % |
| **Вкупно за тема:** | **04:53:07** | **100** | **%** |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:08:24 | 100,00 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:08:24** | **100** | **%** |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:31:54 | 26,66 | % |
| Влада на РМ | 00:07:10 | 5,99 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:40 | 8,91 | % |
| Други субјекти | 00:14:03 | 11,74 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:28:46 | 24,04 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:52 | 3,23 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:00 | 2,51 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:24 | 0,33 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:23 | 2,83 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:38 | 3,04 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:33 | 1,30 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:26 | 1,20 | % |
| Коалиции За Битола и Заедно за Охрид (ДУИ, Беса, Алијанса на Албанците) | 00:01:48 | 1,50 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:10 | 1,81 | % |
| Независни кандидати | 00:02:06 | 1,75 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:38 | 1,36 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:47 | 1,49 | % |
| Беса | 00:00:22 | 0,31 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:59:40** | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Независни кандидати | 00:08:24 | 12,56 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:23:10 | 34,64 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:35 | 8,35 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:02 | 34,44 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:41 | 1,02 | % |
| Беса | 00:02:44 | 4,09 | % |
| Левица | 00:02:48 | 4,19 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:29 | 0,72 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:06:53** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **08:08:04** | | |

Други, комплементарни теми, преку експертски-граѓански елаборации асоцирани со тековниот изборен процес, за кои ТВ 24 вести аналитички проговори во своите дневници, беа – трошоците за кампањата и (не)транспарентноста на партиските финансиски извештаи; националистичките тонови и дискриминаторската (по партиска и по социјална припадност) изборна реторика на одредени партии и коалиции; последиците од физичките инциденти директно или посредно поврз(ув)ани со изборниот процес, но ги проследуваше и релевантните реакции на одредени партии / коалиции, било по споменативе теми, било по одредени најавени или остварени политики на одредени министерства и органи на државната управа. Од тековните актуелни општествено-политички теми, најмногу информативни и аналитички новинарски прилози произлегоа по увидот на Специјалното јавно обвинителство во контроверзната работа на Кривичниот суд и други судски инстанци, како и по алармантните наоди од вонредните инспекциски надзори врз (дис)функционалноста на државната Гинеколошко-акушерска клиника.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:19:31 | 14,35 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:58 | 2,92 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:26:22 | 19,38 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:15 | 2,39 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:52 | 5,05 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:22:51 | 16,80 | % |
| Левица | 00:01:41 | 1,24 | % |
| Други субјекти | 00:19:25 | 14,27 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:14 | 4,58 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:18 | 3,16 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:23 | 0,28 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:38 | 1,20 | % |
| Беса | 00:00:58 | 0,71 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:01 | 1,48 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:08 | 6,71 | % |
| Коалиции За Битола и Заедно за Охрид (ДУИ, Беса, Алијанса на Албанците) | 00:00:30 | 0,37 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:56 | 0,69 | % |
| Независни кандидати | 00:04:54 | 3,60 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:08 | 0,83 | % |
| | **Вкупно - 02:16:03** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Интервјуа*

Единственото интервју директно поврзано со изборниот процес беше емитувано на 8 октомври – со Александар Чичаковски, претседателот на ДИК, преземено од Радио Слободна Европа. Инаку, во набљудуваниот период од 5 до 13 октомври, прибележани се две интервјуа реализирани во емисијата „24 Анализа" - со Кочо Анѓушев, вице-премиерот за економски прашања, и со д-р Дејан Ставриќ, поранешен претседател на Независниот синдикат на Клиничкиот центар. Интервјуата претставуваат аналитичко

дополнување на најчесто третираните, актуелни општествено-политички теми во ТВ дневниците – економските зафати на Владата, и „црниот тренд" – во одделни сектори од македонскиот здравствен систем.

*Дебати*

Јавните соочувања на кандидатите за градоначалници, што ТВ 24 ги организираше и уредувачки ги врами во емисијата „24 Отворено" уште од 25 септември, со почетокот на изборната кампања, во одредени изданија беа реализирани како – интервјуа, поради одлуката на одредени кандидати за градоначалници – да не се појавуваат на овие дебати на кои непосредно, преку прашања и отворени дилеми, учествуваа и граѓани од единиците на соодветната локална самоуправа. Конкретно, на 9 октомври, на поканата за дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Тетово се одзва само Аднан Незири, од Алијансата на Албанците, додека на 10 октомври, пак, во изданието организирано во Домот на културата на Општина Штип, се појави само Благој Бочварски, кандидатот за градоначалник од Коалицијата предводена од СДСМ.

Од премиерно емитуваните дебати чија тема засегаше тековни општествено-политички случувања, можат да се издвојат: дебатата меѓу правните експерти - Маргарита Цаца Николовска и Богданчо Гогов, во врска со сложените правно-политички пречки при увидот на СЈО во работата на низа инстанци од судскиот систем; дебатата произлезена од прашањето поврзано со Локалните избори 2017 година – „Можат ли граѓаните да разликуваат во изборните ветувања – остварливо од лага?", на кое се обидоа да одговорат психијатрите Марија Јовановска и Ѓорѓе Хаџиангеловски, како и експертската, политиколошка дебата меѓу – Ненад Марковиќ, Жидас Даскаловски и Газменд Ајдини, во врска со можните исходи од изборниот процес.

*Актуелно-информативни емисии*

Од 5 до 13 октомври 2017 година, емисиите – „Очи во очи" и „Мој термин", односно - „отворените студија" за различните ставови на пошироката македонска јавност, премиерно ги понудија следниве теми:

Очи во очи:

- *8 лица приведени, а 18 се под истрага за злоупотреба земјоделски субвенции;*
- *Напаѓачот на Шеќеринска ја призна вината за нападот - со влечењето за коса сакал да ја тргне настрана;*
- *Дисциплински мерки за докторката во чија смена починаа четири бебиња;*
- *Тетовски „Југохром" ќе биде рестартиран;*
- *Совет на Европа - затворениците во Македонија живеат во нехумани, деградирачки услови;*
- *Изборна обложувалница;*

Мој термин:

- *„Локални избори 2017 г." – Ги споделувате ли истите гледишта со партиите на престојните избори? – гостуваше Лаура Положани - проектна менаџерка;*
- *Завршница од петчасовниот претрес на СЈО и на МВР во скопскиот Кривичен суд;*
- *Изборни инциденти и напади - местенки или реални закани?*
- *Рибарев ги свика сите судии од Кривичен за „Случајот Панчевски";*
- *Владата гарантира дека нема злоупотреби на системот за прислушување;*
- *Кандидат(к)ите за градоначалници во заштита на жените-жртви од семејно насилство - гостуваше Елена Димушевска, извршна директорка на „Глас против насилството";*

Тематски, политичкиот дел од изданието на актуелно-информативниот магазин „Фактор 24" се однесуваше на заклучоците и на резултатите од истражувањето на НВО „Импакт" во врска со степенот на транспарентност на ставовите на одредени кандидати за градоначалници, а покрај тоа, во емисијата беа зафатени и теми за регионалните политички текови во насока на евро-атлантската интеграција на т.н. - Западен Балкан, преиспитани преку интервјуа - со Соња Лихт, претседателката на белградскиот Центар за политичка безбедност, и со пратениците - Никола Поповски, од опозициската ВМРО ДПМНЕ, и Стево Пендаровски, од владејачката СДСМ.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4594 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупноемитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите од 18 и од 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Вкупно, дневноинформативниот новинарски обликуван материјал издвоен за анализа во периодот од 5 до 13 октомври 2017 година, изнесува – 2 часа 12 минути и 50 секунди, а конкретниот новинарски интерес со кој во изданијата на ТВ дневникот од 18 и од 22 часот беа проследени активностите околу изборниот процес за Локалните избори, се сведе на – 4 минути и 12 секунди, така што не беше воспоставен релевантен примерок за методолошка обработка од која би се извлекувале заклучоци за односот на ТВ Сонце кон учесниците во изборната кампања. Единствениот видлив ангажман на Телевизијата во врска со изборниот процес беше дебатата организирана на 12 октомври, меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Центар - Дејан Јовановски, од Коалицијата што ја предводеше ВМРО ДПМНЕ, и Александар Митров, кандидатот на партијата Левица (иако поканет, не учествуваше Саша Богдановиќ, кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ). Посредно, пак, Локалните избори се тематизирани во две интервјуа – на 5 октомври, со Есад Рахиќ во емисијата „Избор на народот", и на 7 октомври, со Агим Јонуз во емисијата „Дијалози за Македонија".

Ако кон споменатите 4 минути, директно произлезени од општи вести за текот на изборната кампања, се придодадат и 24-те минути за „други теми поврзани со Локалните избори", тогаш ќе се добие информативен, аудиовизуелен материјал собран без посебен уредувачки третман (организиран тематски или по рубрики), во кој влегуваат забелешките на домашни граѓански организации и на меѓународни институции околу спроведувањето на изборниот процес, потоа ретки вести за вербални ексцеси помеѓу претставници на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ, како и извештај на ДИК за трошоците од изборната кампања. Другата минутажа од ТВ дневниците, и во овој период од набљудувањето, се сведе на извештаи од редовните работи на различни органи на извршната власт, и на политичките коментари на Ѓорѓија Атанасовски – Џорџ, сопственикот на Телевизијата и претседател на партијата Македонска алијанса, чија главна, редовна тема се дилемите околу македонскиот државен и национален идентитет.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:51:27 | 53,42 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:22 | 12,84 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:34 | 1,63 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:39 | 4,83 | % |
| Други субјекти | 00:15:01 | 15,59 | % |
| Судство | 00:09:44 | 10,11 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:32 | 1,59 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно за тема - 01:36:19** | **100** | **%** |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:07:39 | 100,00 | % |
| | **Вкупно за тема - 00:07:39** | **100** | **%** |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Граѓански сектор | 00:12:10 | 49,32 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:59 | 3,99 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:59 | 3,99 | % |
| Други субјекти | 00:08:10 | 33,11 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:22 | 9,59 | % |
| | **Вкупно за тема - 00:24:40** | **100** | **%** |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:24 | 33,33 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:24 | 33,33 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:24 | 33,33 | % |
| | **Вкупно за тема - 00:04:12** | 100 | % |
| | **Вкупно - 02:12:50** | | |

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Специјално обвинителство | 00:01:12 | 8,49 | % |
| Влада на РМ | 00:10:06 | 71,46 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:55 | 13,56 | % |
| Други субјекти | 00:00:25 | 2,95 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:30 | 3,54 | % |
| | **Вкупно - 00:14:08** | **100** | **%** |

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.10.2017 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4595 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во овој извештаен период не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг согласно Методологијата.

*Посебни информативни емисии*

Во вториот, овојпат деветдневен период од изборната кампања, беше емитувано едно издание на емисијата „Стадион", посветено на локалните избори. Се емитуваа снимени изјави од 17 кандидати за градоначалници, а Митко Тилевски - кандидатот за градоначалник на Охрид од ВМРО-ДПМНЕ, се вклучи директно.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4596 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 13 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 20 часот, а од дневно-информативните емисии, предмет на анализа беа вестите во 16 часот и 30 минути. Со оглед на тоа дека медиумот на почетокот на изборната кампања ги одвои вестите поврзани со локалните избори 2017 во посебен сегмент, беа анализирани и вестите означени како „Локални избори 2017" кои следуваат веднаш по редовното издание на вестите.

*Дневно-информативни емисии*

Во вториот деветдневен период од изборната кампања, од 5 до 13 октомври, анализирани беа шест изданија на вестите од 16 часот и 30 минути, како и вестите означени како „Локални избори 2017" од 16 часот и 40 минути, со вкупно траење на прилозите од 1 час и 12 минути. Медиумот не емитуваше вести во деновите од викендот, како и на државниот празник 11 Октомври. Од вкупното времетраење на прилозите во вестите, најголемиот дел отпаѓа на учесниците во изборниот процес - вкупно 47 минути и 38 секунди. Сепак, вкупното траење на прилозите не го достигна методолошкиот минимум од 2 часа за извлекување оценки за начинот на известување на медиумот.

*Посебни информативни емисии*

Во вторите 9 дена од изборната кампања не беа регистрирани посебни информативни емисии.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги СКОПЈЕ
Примено: 19.10.2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4597 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, што го обезбедува Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 13 октомври 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот**: 19 октомври 2017 година

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-а ставови 8 и 9 од Изборниот законик**

   (8) „Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија во времетраење од по три часа ќе обезбеди бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија, како и еден час за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на Република Македонија. Во однос на користењето на трите часа односно на едниот час, учесниците во кампањата можат да одлучат да доставаат снимен материјал од активности за спроведување на изборна кампања или своето време може да го искористат и за директно обраќање од студио.

   (9) „Бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како 'бесплатно политичко претставување' во текот на целото времетраење на емитувањето."

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, што го обезбедува Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, емитуван од 25 септември до 13 октомври 2017 година, **не е констатирано прекршување на член 76-а ставови 8 и 9 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше почитувањето на обврската за обезбедување бесплатно политичко претставување на учесниците во изборната кампања.

*Бесплатно политичко претставување*

Изборниот законик го обврзува Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија во времетраење од по три часа да обезбеди бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија, како и еден час за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на Република Македонија.

Иако во Изборниот законик не е јасно уредено дали обврската се однесува на целиот период од кампањата или на дневно ниво, Собранискиот канал, одлучи дека оваа обврска ќе ја исполнува на дневно ниво во периодот од 25 септември до 13 октомври 2017 година. Оттаму, на сите учесници на Локалните избори 2017 година, кои се застапени во Собранието, им понуди по 30 минути дневно бесплатно политичко претставување, а на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на Република Македонија по 50 секунди дневно.

Бесплатното политичко претставување се емитуваше секој ден од 17 часот, видливо означено како „бесплатно политичко претставување“. Редоследот на емитувањето беше според ждрепката направена во Државната изборна комисија. По секое емитување, следуваше телоп со повик до учесниците во изборната кампања за учество во бесплатното претставување.

Во табелата подолу се податоците за времето искористено за бесплатно политичко претставување. Видливо е дека ниту еден од учесниците на Локалните избори не го искористи одвоеното време во целост, а можноста за бесплатно претставување воопшто не ја искористија партиите на Албанците во Република Македонија.

| Собраниски канал | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Проценти | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 08:49:48 | 45,73 | % |
| Независни кандидати | 02:51:08 | 14,77 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:13:11 | 1,14 | % |
| Левица | 00:12:03 | 1,04 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 06:59:53 | 36,24 | % |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:04:10 | 0,36 | % |
| ТМРО | 00:08:18 | 0,72 | % |
| | **Вкупно: 19:18:31** | **100** | % |

***Сектор за програмски работи***

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено. | 19.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4598 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: програмските сервиси на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 13 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 19 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 76-а ставови 5, 7 и 9 од Изборниот законик**

     (5) „За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, Јавниот радиодифузен сервис е должен да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со принципите за избалансирано покривање на изборите утврдени во членот 75-а од овој Законик.

     (7) Бесплатното политичко претставување на телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис треба да се емитува во периодот од 16,00 до 23,00 часот.

     (9) Бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како 'бесплатно политичко претставување' во текот на целото времетраење на емитувањето."

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмските сервиси на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, емитуван од 25 септември до 13 октомври 2017 година, **не е констатирано прекршување на член 76-а ставови 5, 7 и 9 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше почитувањето на обврската за обезбедување бесплатно политичко претставување на учесниците во изборната кампања.

*Бесплатно политичко претставување*

Според одредбите од Изборниот законик, Јавниот радиодифузен сервис како целина, има обврска да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес. Законикот не посочува на кои програмски сервиси на МРТ се однесува обврската.

Со мониторингот реализиран во периодот на изборната кампања (од 25 септември до 13 октомври 2017 година), бесплатно политичко претставување е регистрирано на Првиот телевизиски програмски сервис МРТ1 и на Првиот радио програмски сервис на Македонското радио. Бесплатното претставување е емитувано во терминот утврден во Изборниот законик и соодветно и видливо означено во текот на емитувањето.

Бесплатното претставување на МРТ1 беше емитувано во периодот од 2 до 6 октомври 2017 година, додека на Првиот канал на Македонското радио во периодот од 2 до 6 октомври и од 9 до 11 октомври 2017 година.

Јавниот радиодифузен сервис на сите кандидати за градоначалници им понуди по 5 минути за бесплатно политичко претставување, а на носителите на советнички листи по 3 минути.

Истото бесплатно политичко претставување беше емитувано на двата сервиса на Јавниот радиодифузен сервис. Првиот сервис на Македонското радио го превзеде бесплатното политичко претставување од МРТ1 и го прилагоди за радио емитување.

Во табелата подолу се податоците за времето искористено за бесплатно политичко претставување на двата програмски сервиси на МРТ. Видливо е дека ниту еден од учесниците на Локалните избори не го искористи одвоеното време во целост, а можноста за бесплатно претставување воопшто не ја искористија партиите на Албанците во Република Македонија.

***МРТ1***

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Независни кандидати | 00:42:53 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:35:42 |
| Народно движење за Македонија | 00:04:32 |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:05:49 |
| ТМРО | 00:12:26 |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др | 00:04:27 |
| ***Вкупно*** | ***01:45:49*** |

***Македонско радио 1***

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Народно движење за Македонија | 00:05:17 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:32:46 |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:03:14 |
| ТМРО | 00:10:32 |
| Независни кандидати | 00:34:58 |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:34 |
| ***Вкупно*** | ***01:31:21*** |

***Сектор за програмски работи***